# СОДРЖИНА


*РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ*

- **Закон за работно ангажирање на лица…………………………5**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Извршување на практична обука и настава на ученици и студенти………………………………22**

*ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ*

- **Начин на извршување на платежни трансакции со странство……………………………………35**

*ТУРИЗАМ*

- **Минимално-техничките услови на објектите за вршење на туристичка дејност………………………………44**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Мај 2025 година…………………………………51**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Април 2025 година……………………76**
- **Коефициент на пораст на цените за Април 2025……………77**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2025 година…………………………………79**
- **Цени на гориво………………………………………………………81**
- **Рокови за поднесување во Мај 2025 година…………………83**

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*………………………………………86**


**СКОПЈЕ, МАЈ 2025**

**5**

# РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## ЗАКОН ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА

***Ангажирањето на лица за деловни потреби, надвор од Законот за работни односи во земјоделството, угостителството и туризмот и дејностите на домаќинствата станува реалност од 01.01.2026 година.***

### ВОВЕД

Дополнително ангажирани лица од страна на работодавачите со плаќање 10% ДЛД, 18,8% придонес за ПИО и 0,5% дополнителен придонес за здравствено осигурување, повреда и професионално заболување, можат да извршуваат работни задачи, без да имаат заснован работен однос.

Со новодонесениот закон се уредуваат условите за работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена или сезонска природа.

Правата и обврските на ангажираното лице и работодавачот, постапката на пријавување на ангажираните лица, како и плаќањето и пресметката на данок на личен доход, придонес за ПИО дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување, се исто така уредени со одредбите од Законот.

Целта на донесениот закон е да се уреди работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена или сезонска природа. Со Законот се дефинирани и начините на остварување на правата на ангажираните лица по овој основ, задоволување на потребата од работна сила кај работодавачите и формализирање на неформалната работа.

## *1. РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ*

Работното ангажирање согласно законот е работа од повремена или сезонска природа во одредени дејности и не претставува работен однос согласно со Законот за работните односи.

**Работодавач** е правно или физичко лице кое непосредно и за сопствена потреба ангажира лице во одредена дејност и вид на работа согласно со законот.

**Работно ангажирано лице** е физичко лице ангажирано од страна на работодавач, согласно со законот.

**Работа од сезонска природа** е работа која поради климатските или природните услови повремено се врши во одредени сезони во текот на годината, со определен број на работни часови, денови или недели во согласност со законот.

**Работа од повремена природа** е работа која се врши во краток временски период, повремено и со прекини, со определен број на работни часови, денови или недели во согласност со законот.

**Поедноставена постапка за работно ангажирање на лица** е постапка која се врши преку пријава на лицето во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од страна на работодавачот, без јавно огласување.

**Паричен надоместок од работно ангажирање** согласно со законот, е паричен износ кој се исплаќа на работно ангажираното лице за извршената работа.

## *2. ДЕЈНОСТИ И ВИДОВИ РАБОТИ ЗА КОИ МОЖЕ ДА СЕ АНГАЖИРААТ*

Работодавачот може да ангажира лица за вршење на определен вид на работи од повремена или сезонска природа во следниве дејности, согласно со Националната класификација на дејности:

- А/А - Земјоделство, шумарство, рибарство,
- И/З - Објекти за сместување и сервисни дејности за храна и
- Т/П - Дејности на домаќинството како работодавач.

Видот на работите за коишто работодавачот може работно да ангажира лице во дејностите се:

а) во секторот Земјоделство, шумарство, рибарство: подготовка на земјиште, садење, сеење, жнеење, наводнување на земјиште; заштита на растенија; управување со земјоделски машини (трактор, комбајн и друго); обрежување; пресадување и проретчување; кастрење/стрижење; пасење, нега на стока и други работи во сточарството; берење зрнести плодови; берење јаболчести плодови; берење јаткасти плодови; берење и наводнување градинарски култури; берење тутун и друго; хортикултура; собирање диви плодови; калемење; сечење стебла; уништување штетници; чистење, лупење, сортирање, пакување, складирање, работи поврзани со одгледување, негување, грижа и користење на шумите;

б) во секторот Објекти за сместување и сервисни дејности за храна: шанкер/бармен; келнер; готвач; собар; мијач на садови; доставувач на храна; аниматор; хостеса, фотограф, снимател на слика, цвеќар аранжер и

в) во секторот Домаќинството како работодавач: чување деца, чување стари лица и чистење; работи поврзани со чистење за потребите на станбени згради - чистење, одржување и поправка.

## *3. РАБОТОДАВАЧИ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА АНГАЖМАНИ*

Работодавачот согласно со законот, може да биде правно лице кое извршува дејност од земјоделство, шумарство, рибарство, сместување во објекти и сервисни дејности за храна и дејности на домаќинството..

Работодавач физичко лице, може да биде:

- лице кое е вршител на земјоделска дејност и се занимава со земјоделска дејност согласно со Законот за вршење на земјоделска дејност,

- лице кое нема статус на вршител на земјоделска дејност, а се занимава со земјоделство за задоволување на лични потреби и потребите на членовите на домаќинството, како и за други потреби,

- лице кое дава угостителски услуги, услуги за сместување, апартмани и соби за сместување и одмор, согласно со закон и

- лице кое има потреба за вршење на работа во домаќинството.

Работното ангажирање на лице согласно законот, се врши непосредно од страна на работодавачот или со посредување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од евиденцијата на невработени лица.

Работодавач во смисла на законот, не може да биде приватна агенција за вработување.

Приватна агенција за вработување не може да посредува и работно да ангажира лица согласно со законот.

Работодавач правно лице може да ангажира лице за вршење на видот на работа од сектор земјоделство, шумарство, рибарство, во дејностите на сместувачки објекти и угостителство.

Работодавач физичко лице може да ангажира лице за вршење на видот на работа од сектор земјоделство, шумарство, рибарство, во дејностите на сместувачки објекти и угостителство и во секторот на домаќинството.

### *4. РАБОТНО АНГАЖИРАНО ЛИЦЕ*

Работно ангажирано лице согласно со законот, може да биде:

- лице кое не е во работен однос,
- вработено лице,
- самовработено лице,
- лица помлади од 18 години кои согласно со општите прописи од работните односи ги исполнуваат условите за засновање на работен однос,
- студент,
- корисник на семејна и старосна пензија, со исклучок на корисници на семејна пензија по основ на неспособност за работа и самостоен живот и
- странец кој има регулиран престој, согласно со закон.

Со законот се забранува работно ангажирање на лица помлади од 18 години за видовите работа за чување деца и стари лица.

***5. АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ПОВРЕМЕНА И СЕЗОНСКА РАБОТА***

Работодавачот е должен лицето кое е работно ангажирано, пред да стапи на работа, да го запознае со видот и начинот на вршење на работата за која го ангажира, местото на извршување на работата, очекуваното времетраење на работниот ангажман, условите за безбедност и здравје при работа, дневното и неделното работно време, паузата во текот на дневната работа, дневниот и неделен одмор, висината на паричниот надоместок од работно ангажирање, како и начинот и рокот на исплатата на паричниот надоместок.

Обврските на работодавачот се задолжителни и се содржани во пријавата за работно ангажирање поднесена од работодавачот во Агенцијата за вработување на РСМ.

Работно ангажираното лице изразува согласност за пријавата на работниот ангажман на својот кориснички профил – креиран со неговата прва пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на РСМ.

Врз основа на пријавата, се генерира потврда за пријавениот работен ангажман од страна на Агенцијата за вработување на РСМ.

Потврдата за пријавениот работен ангажман се доставува во електронска форма и до работно ангажираното лице на неговиот кориснички профил.

Со стапување во работниот ангажман, се смета дека лицето ги прифатило понудените услови за работа со кои работодавачот го има запознаено и се содржани во пријавата. Со давање согласност на ангажираното лице и прифаќање на условите за работа преку неговиот кориснични профил се смета дека е склучен договор за работно ангажирање во согласност со законот.

Содржината на потврдата, ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот.

***6. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ЗЛОУПОТРЕБИ***

Работодавачот, може да ангажира лица за вршење работа од сезонска или повремена природа **најмногу до 120 дена во текот на календарската година**, сметајќи ги календар-

ските денови од првата пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица.

Работодавачот за видовите на работа во сектор земјоделство, шумарство и рибарство може да ангажира лица за вршење работа од сезонска или повремена природа **најмногу до 180 дена** во текот на календарската година, сметајќи ги календарските денови од првата пријава во евиденцијата на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на РСМ до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица.

Работодавачот, може да го ангажира истото лице за вршење на работа од сезонска природа **најмногу до 60 дена** во календарската година, независно дали работното ангажирање е со прекин или без прекин.

Работодавачот, може да го ангажира истото лице за вршење на работа од повремена природа последователно или со прекин **најмногу до 15 дена** во еден месец или **најмногу до 60 дена** во календарската година.

Работодавачот, не може да ангажира лице кое е во работен однос кај тој работодавач за вршење дополнителна или друг вид работа од сезонска или повремена работа.

Лицето може да биде работно ангажирано кај повеќе работодавачи.

Вкупното работно ангажирање на лицето кај сите работодавачи, **не може да биде повеќе од 12 часови во текот на денот**.

Работодавачот за видовите на работа во секторот објекти за сместување и послужување со храна, може истовремено да ангажира **најмногу до 10 лица** или најмногу **до 10%** од вкупниот број на вработени лица кај истиот работодавач.

Работодавачот, не може да ангажира лице кое било во работен однос кај тој работодавач во период од 12 месеци, пред ангажирање на истото лице.

По исклучок и пред 12 месеци, работодавачот може да ангажира лице, доколку престанокот на работниот однос е поради исполнување на условите за старосна и семејна пензија.

## 7. ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТНО АНГАЖИРАНОТО ЛИЦЕ

Работно ангажираното лице може да работи најмногу 12 часа на ден, односно најмногу 48 часа неделно, со право на паузи, дневен и неделен одмор, согласно со општите прописи од работните односи.

Работно ангажираното лице има право:

- да биде запознаен со условите за работа,

- да биде запознаен со познатите и можните ризици поврзани со видот и начинот на работењето,

- на паричен надоместок за извршениот работен ангажман со уплатен данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување, согласно со прописите од социјалното и здравственото осигурување,

- на обука за безбедно извршување на работните задачи, пред започнување со работата,

- на безбедни услови за здравје при работа,

- на посебна заштита доколку работи ноќе или доколку има својство на лице кое има посебна заштита согласно со општите трудови прописи,

- на слободно здружување и право на организирање,

- на еднаков третман без дискриминација, вознемирување и насилство,

- на заштита од мобинг и психичко малтретирање на работно место и

- да биде информиран најмалку 12 часа пред почетокот, продолжувањето и прекинот на работниот ангажман.

Работно ангажираното лице е должно:

- совесно да ја извршува работата, согласно со барањата и упатствата кои претходно се договорени со работодавачот,

- да го почитува работното време,

- да ги почитува прописите за безбедност и здравје при работа во согласност со обуката и насоките дадени од страна на работодавачот,

- да се грижи за сопствената безбедност и безбедноста на останатите лица кои работат со него и

- да го извести работодавачот најмалку 12 часа пред почетокот на работното ангажирање дека го откажува/прекинува работниот ангажман.

*8. ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ*

Работодавачот е должен:

- да го запознае работно ангажираното лицето со условите за работа и да го пријави во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
- да го запознае работно ангажираното лице во врска со постечките и можните ризици поврзани со работата,
- да му исплати паричен надоместок за извршениот работен ангажман,
- да го оспособи работно ангажираното лице за безбедно извршување на работните задачи, пред започнување со работата,
- да му обезбеди услови за безбедност и здравје при работа,
- да му обезбеди посебна заштита предвидена со прописите од областа на работните односи доколку лицето работи ноќе или има својство на лице кое ужива посебна заштита согласно со општите трудови прописи,
- да му овозможи слобода на здружување и право на организирање,
- да обезбеди еднаков третман без дискриминација, вознемирување и насилство,
- да плаќа данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и
- да го информира лицето најмалку 12 часа пред почетокот, продолжувањето или прекинот на работното ангажирање.

*9. ПРЕСТАНОК НА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ*

Работното ангажирање на лицето може да престане во случај на:

- престанок на потребата за која лицето е ангажирано без наведување на причината,
- повреда на договорените обврски,
- неизвршување на работните обврски и
- по барање на ангажираното лице без наведување на причината.

Доколку работното ангажирање престане поради причини наведени во претходните алинеи 2, 3 и 4, работодавачот е должен на лицето за денот на откажувањето да му ги плати само придонесите, согласно со членот 15 од законот.

### *10. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ*

Работно ангажираното лице има право на паричен надоместок за работно ангажирање, кој му се исплаќа во паричен износ за секој час на работно ангажирање и кој не може да биде понизок од минималниот основен нето-паричен износ по час согласно со законот.

Минималниот основен нето-паричен износ по час не може да биде понизок од часот кој се пресметува врз основа на минималната плата која министерот за економија и труд, ја објавува во „Службен весник на РСМ" согласно со закон.

На паричниот надоместок, работодавачот е должен да уплати данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување согласно со посебните закони од даночната област и социјалното осигурување.

Паричниот надоместок, може да му се исплати на работно ангажираното лице на крајот од работниот ден или најдоцна во рок од пет дена по истекот наработниот ангажман.

Паричниот надоместок, се исплаќа на трансакциска сметка на работно ангажираното лице.

### *11. ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ДАНОК И ПРИДОНЕСИ*

На исплатениот паричен надоместок за работното ангажирање, работодавачот е должен да уплати:

- данок на личен доход,
- придонес за пензиско и инвалидско осигурување и
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување.

Даночен обврзник за плаќање на данокот и придонесите е работно ангажираното лице, а работодавачот е обврзник за пресметка и уплата на данокот и придонесите во име и за сметка на ангажираното лице.

Пресметката на данокот, се врши од страна на работодавачот со поднесување на аконтативна пресметка согласно со одредбите од Законот за данокот на личен доход до УЈП, пред исплатата на паричниот надоместок.

УЈП, врз основа на поднесената пријава во евиденцијата на АВРСМ, месечно за сите лица кои се работно ангажирани кај работодавачот во претходниот месец, изготвува пресметка за придонесите од задолжително социјално осигурување.

Пресметката, УЈП ја доставува до работодавачот преку неговиот профил на системот е-даночни услуги, со цел потврдување на истата. По потврдување на пресметката, УЈП генерира декларација со налог за плаќање на придонесите.

Стапките, основиците и роковите за плаќање на данокот и придонесите се уредуваат во Законот за данокот на личен доход и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## *12. ПРАВА НА РАБОТНО АНГАЖИРАНОТО ЛИЦЕ ОСТВАРЕНИ ПО ДРУГИ ОСНОВИ*

Остварениот приход по основ на работно ангажирање согласно со законот не претставува основа за губење на правата стекнати согласно со прописите од областа на социјалната и детската заштита.

Евидентираното невработено лице кое е работно ангажирано согласно со законот, не го губи правото на паричен надоместок стекнато по основ на осигурување во случај на невработеност и не се брише од евиденцијата на невработени лица.

Работно ангажираното лице - корисник на старосна и семејна пензија, како и лице корисник на право на социјална сигурност, кои се утврдени со посебни закони, не го губи веќе стекнатото право.

Студентите и учениците ангажирани согласно со законот, не ги губат правата стекнати по основ на посебните закони од областа на образованието.

Остварениот паричен надоместок на работно ангажираното лице од членот 15 од законот, не влијае врз стекнување, остварување и губење на други права утврдени со посебни закони.

### *13. ПРИЈАВА И ОДЈАВА НА РАБОТНО АНГАЖИРАНИ ЛИЦА*

Работодавачот по електронски пат врши пријава и одјава на работно ангажиранилица во системот на Агенцијата за вработување на РСМ.

Врз основа на регистрираните пријави и одјави за работно ангажираните лица, преку електронскиот систем на агенцијата, работодавачот може:

- да поднесе пријава и одјава за работно ангажирање во согласност со членот 19 од законот,
- да генерира потврда за пријавениот работен ангажман за работно ангажираното лице со условите за работа, согласно со законот и
- да има пристап и увид во податоците за реализирани пријави и одјави за работно ангажирани лица кај работодавачот.

Врз основа на регистрираните пријави и одјави за работно ангажираните лица, преку електронскиот систем на агенцијата, работно ангажираното лице може:

- да креира кориснички профил за работното ангажирање согласно законот,
- да преземе автоматски генерирана потврда за работниот ангажман со условите за работа, согласно со законот и
- да има пристап и увид во податоците за регистрирани пријави и одјави за работните ангажмани на работно ангажираното лице.

Пријавата и одјавата на работно ангажираните лица се врши врз основа на име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) или привремен матичен број за странец во согласност со членот 19 од законот.

### *14. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИОНАТА ПРИЈАВА*

Евиденционата пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица, содржи:

- податоци за работодавачот,
- податоци за лицата кои се работно ангажирани,

- податоци за условите и начинот на работното ангажирање и

- податоци за почетокот и престанокот на работното ангажирање.

Пријавување на работно ангажираното лице се врши на дневна основа или за календарски месец.

Работодавачот е должен ангажираното лице да го пријави најдоцна до 10:00 часот, за лице кое работи во претпладневните часови (прва смена) или најдоцна до 15:00 часот, за лице кое работи во попладневните часови (втора смена), односно најдоцна до 22:00 часот доколку работи во ноќните часови (трета смена).

Работодавачот е должен да поднесе нова пријава во согласност со роковите за поднесување, ако работно ангажираното лице кое е пријавено во календарскиот месец продолжи со работен ангажман и во наредниот календарски месец.

Доколку работодавачот не го одјави работно ангажираното лице во календарскиот месец за којшто има пријава, ќе се смета дека тоа лице било ангажирано во текот на сите денови во календарскиот месец за којшто е поднесена евиденционата пријава, но не повеќе од 15 работни дена во текот на еден месец доколку е ангажман за вршење работа од повремена природа.

За работен ангажман за вршење работа од сезонска природа не важи ограничувањето од 15 дена.

Ако престане работното ангажирање на лицето во календарскиот месец, работодавачот е должен да го одјави најдоцна до 10:00 часот, за лице кое работи во претпладневните часови (прва смена) или најдоцна до 15:00 часот, за лице кое работи во попладневните часови (втора смена), односно најдоцна до 22:00 часот, доколку работи во ноќните часови (трета смена), на денот на одјавата, при што одјавата може да се изврши или за тековниот ден или за сите наредни денови за коишто има поднесена евиденциона пријава или за конкретни наведени денови.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е должна податоците од евиденционите пријави и одјави на дневно ниво, да ги доставува до УЈП за да изготви пресметка за придонесите од задолжително социјално осигурување.

Формата и содржината на образецот пријава - одјава, го пропишува министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот.

### *15. РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ И ЕВИДЕНЦИЈА*

Податоците од евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за работно ангажираните лица електронски се разменуваат со Министерството за економија и труд, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Државниот инспекторат за труд заради спроведување на законските надлежности.

Пристап до податоците од евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија може да имаат и други надлежни институции, доколку истото е утврдено со закон.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија води евиденција на работно ангажирани лица, согласно со законот.

Работодавачот е должен да води евиденција на работни часови за работно ангажираните лица, согласно со законот.

Начинот на водење на евиденција и податоците содржани во истата, ги пропишува министерот за економија и труд.

### *16. КОНТРОЛА И НАДЗОР*

Контрола на наплатата на данокот и придонесите ги врши Управата за јавни приходи, согласно со закон.

Инспекциски надзор над примената на одредбите од законот, ги врши Државниот инспекторат за труд.

Ако инспекторот на труд при вршење инспекциски надзор утврди повреда на одредбите од законот за кои е предвидена прекршочна санкција согласно со членот 25 од законот, на субјектот на инспекциски надзор ќе му нареди, со решение за наредба, во рок од осум дена да ги отстрани утврдените неправилности и за истото да го извести инспекторот. На сторителот на прекршокот ќе му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на одговорното лице или на овластено лице кај работодавачот, согласно со Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог,

надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

Ако сторителот на прекршокот ја плати одмерената глоба од прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на издавањето на налогот, ќе плати половина од предвидената глоба, а инспекторот на труд ќе ја запре постапката со констатација во записникот, согласно со закон.

Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата од прекршочниот платен налог во рок од осум дена, инспекторот на труд ќе поднесе предлог за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган, согласно со закон.

Против решението за наредба на инспекторот на труд е дозволена жалба до надлежен второстепен орган утврден со закон.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението за наредба.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог се пропишуваат со акт што го донесува министерот за економија и труд.

За прекршоците утврдени во законот, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Прекршочна комисија при Министерството за економија и труд.

Прекршочната комисија одлучува по прекршоците утврдени во законот и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој или друг закон.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на Прекршочната комисија се врши согласно со Законот за прекршоците.

Прекршочната комисија ја формира министерот за економија и труд.

Прекршочната комисија е составена од претседател и два члена, дипломирани правници од редот на административните службеници, вработени во органот на државната управа надлежен за работите од областа на економија и труд. Еден од членовите на комисијата мора да биде дипломиран правник со положен правосуден испит.

Мандатот на Прекршочната комисија е три години со право на реизбор.

Претседателот и членовите на прекршочната комисија може да бидат разрешени ако:

- со истекот на времето поради кое се именувани,
- по сопствено барање,
- пензионирање,
- трајна неспособност,
- прекршување на прописите утврдени со постапка и правосилна одлука,
- непријавен конфликт на интерес за случај за кој одлучува и
- непочитување на обврски кои се пропишани за работењето на комисијата.

Комисијата има право да изведува докази и собира податоци потребни за утврдување на прекршокот.

Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во одлучувањето.

Комисијата работи на седница и одлучува со мнозинство гласови.

Министерот донесува деловник за работа на Прекршочната комисија.

За работата во комисијата членовите имаат право на надоместок, кој го определува министерот со решение.

## *17. ПРЕКШОЧНИ ОДРЕДБИ*

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба од 300 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице, глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

- ангажира лице на работи спротивно на членот 9 став (2) од законот,
- не го запознае лицето со условите за работа утврдени во членот 10 став (1) од законот,
- ангажира спротивно на одредбите од членот 12 став (1) од законот и
- не постапи во согласност со одредбата од членот 13 алинеи 2, 6, 7 и 9 од законот.

Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член, на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член, на работодавач – физичко лице.

За изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, надлежна е прекршочната комисија формирана од страна на министерот надлежен за работите од областа на економија и труд.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од ставот (4) на овој член се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице, глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

- ангажира лице на работи спротивно на членот 5,
- не исплати паричен надоместок од работното ангажирање согласно со членот 15,
- не уплати данок и придонеси во согласност со законот и
- не постапи во согласност со одредбата од членот 13 алинеи 4 и 5 од законот.

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 6 на овој член, на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (6) на овој член, на работодавач – физичко лице.

За изрекување на прекршочните санкции од ставовите (6), (7) и (8) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

***18. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ И ПРИМЕНА***

Подзаконските акти предвидени со законот, ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на законот.

Законите кои се поврзани со имплементацијата на законот, ќе се усогласат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на законот.

Системот за евиденција на пријава и одјава на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и надградбата на системот за наплата на даноци и придонеси на Управата за јавни приходи ќе се воспостави најдоцна до 1 јануари 2026 година.

Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист: Јулија Минковска*

## *ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА ОБУКА И НАСТАВА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

***Правото за извршување на практични обуки на ученици и студенти е регулирано согласно Законот за стручно образование и обука ("Службен весник на РМ" 3/25, 74/25) Законот за високо образование ("Службен весник на РМ" 71/06 ...55/16, 82/18, 178/21), Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18; 247/19, 275/19, 290/20, 85/21, 274/22), и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти ("Службен весник на РМ" 120/10).***

### *ВОВЕД*

Со Законот за Стручно образование и обука, се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука, кој обезбедува индивидуален развој на личноста, преку стекнување компетенции, знаења и вештини, неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

Бидејќи постои разлика во начинот на извршување на практиканска работи и практична обука на ученици и студенти, во практиката често разликата во начинот на спроведувањето на истите, не е соодветна на регулативата.

## *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Практиканската обука на ученици и студенти, не е во вистинска смисла практиканство, туку оспособување за работа преку примена во пракса на стекнато знење во образовниот процес.

Со Законот за стручно образование и обука, се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручно образование и обука, додека пак со Законот за високо образование се уредуваат автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање и престанок на високо образовните установи, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високо образовната дејност.

И учениците и студентите, покрај редовната настава во одреден период од годината, според потребите на работодавачите или другите институции, можат да извршуваат практична настава, која соодејствува со нивниот степен на образование.

### *1.1. Практична настава на ученици*

Согласно член 3 од Законот, стручно образование и обука опфаќа:

- **Средно стручно образование и обука**, кое е дел од средното образование, кое овозможува иницијално стекнување со прво, второ или трето ниво на стручни квалификации и
- **Постсредно стручно образование и обука,** кое е дел од системот на образованието, кое овозможува на лица кои се стекнале со средно образование, да се стекнат со четврто ниво на стручни квалификации.

### *1.2. Цели и задачи на стручното образование и обука*

**Согласно член 4 од Законот,** цел на стручното образование и обука е оспособување за работа, односно за продолжување на образованието, додека пак задачи на стручното образование и обука се:

- **Да обезбеди квалитетно стручно и општо образование** во согласност со современото ниво на науката, технологијата и културата, да создаде услови за стекнување и надградување на соодветни нивоа на стручни квалификации, во согласност со потребите на пазарот на трудот,
- **Да поттикнува интерес** за стручното образование и обука,
- **Да развива компетенции, знаења и вештини** неопходни за стручните активности на лицето, како и за самовработување во рамките на општеството засновано врз пазарните и демократските принципи и
- **Да обезбедува основи** за доживотно учење.

**Системот на стручното образование и обука го вршат:**

- **Установите за стручно образование и обука, во кои влегуваат**: училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно - теоретско образование и практична обука и Центрите за стручна работа во кои се реализира стручно теоретско образование и практична обука.
- **Работодавачите**, односно трговските друштва, установите и занаетчиите кај кои се изведува практична обука на ученици според тековните услови на нивната активност, при што обуката не претставува нивна претежна дејност и
- **Социјалните партнери,** во кои влегуваат здруженијата кои ги претставуваат интересите на работниците и работодавачите кои во соработка со органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа го реализираат системот на стручно образование и обука.

### *1.3. Права и обврски на установите за стручно образование и обука*

**Согласно член 14 од Законот, установата за стручно образование и обука има право:**

- да организира и остварува стручно образование и обука според одредбите на Законот,
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми и
- да може да се вклучува во комерцијални и економски активности, а финансиските средства стекнати од овие активности, да се користат за подобрување на условите за работа во установата.

**Установата за стручно образование и обука има обврска:**

- да обезбеди безбедни работни услови во рамките на процесот на образованието и обуката,
- да ги исполнува обврските од договорите за обука,
- да ги доставува договорите за обука до коморите,
- да врши увид во реализацијата на договорите за обука и
- да им обезбеди на работодавачите навремени информации за тековните измени во наставните планови и програми.

### *1.4. Права и обврски на работодавачите, вклучени во практичната обука*

Согласно член 15 од Законот, работодавачот има право:

- да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања пропишани со закон и
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми.

**Работодавачот има обврска:**

- да ги постигнува целите за практична обука од наставните програми, согласно со предвидениот фонд на часови,
- **да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука,**
- да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и
- да обезбеди заштита при работа согласно со закон.

## *1.5. Права и обврски на учениците во стручното образование и обука*

Согласно член 22 од Законот, учениците **имаат право:**

- да се префрлат од еден вид во друг вид на стручно образование и обука, односно од едно во друго ниво на стручни квалификации,
- за време на обуката да добиваат **надоместок за работата кај работодавачот утврден во договорот,**
- **да користат летен и зимски одмор и**
- да го раскинат договорот, според условите утврдени во договорот.

**Учениците имаат обврска:**

- на интерно и екстерно проверување на напредокот и постигнувањето на успехот,
- редовно да ја посетуваат практичната обука и да ги исполнуваат работните обврски утврдени во договорот,
- за време на обуката да ги следат упатствата за работа на работодавачот и училиштето за време на практичната обука,
- да ја чуваат службената тајна на работодавачот,
- да ги почитуваат правилата за заштита при работа и
- да ги исполнуваат и другите обврски, наведени во договорот.

Другите права и обврски на учениците, се пропишани со Законот за средното образование и со други прописи.

**Стручното образование и обука содржи:**

- **Општо образование,**
- **Стручно теоретско образование и**
- **Практична обука.**

## *1.6. Практична настава на студенти*

Согласно член 99 став 11 од Законот за високо образование (“Службен весник на РМ” 35/08…10/15; 20/15; 98/15; 154/15, 82/18, 178/21) и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти (“Службен весник на РМ” 120/10), практичната **настава не може да трае помалку од еден, ниту повеќе од осум часа во денот.**

Од страна на високообразовната институција, се обезбедуваат услови во соработка со соодветни субјекти, за изведување на практичната настава.

Во текот на реализацијата на практичната настава, студентот треба да е под надзор на ментор од високообразовната установа, кој одговара за успешно реализирање на практичната настава.

**Студентот за време на реализацијата на практичната настава, води дневник за секојдневните активности**.

Пред почетокот на практичната настава, од страна на вискообразовната институција, се известува студентот и му се издава документ-потврда за негово упатување до организацијата - установата, каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот/директорот.

По завршувањето на практичната настава, студентот ја враќа потврдата на единицата на високообразовната установа, заверена од организација-установата.

Високообразовните установи, ќе извршат изменување и дополнување на постојните студиски или предметни програми, во кои што ќе се определи обемот и времетраењето на практичната настава, која не може да биде пократка од 30 дена, како и начинот на нејзината реализација.

### *1.7. Придонеси и даночен третман на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РСМ" 142/08 ... 247/18, 251/22*),* задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинети со повреда на работа или професионална болест, опфатени се и учениците и студентите, кога вршат практична работа за време на школувањето, односно студирањето.

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%.***

Согласно член 13 став 1 точка 9, од Законот за придонеси, ***ОБВРЗНИК ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОВИЕ ЛИЦА Е УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

Со одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход („Службен весник на РСМ" 241/18; 247/19; 290/20; 85/21, 274/22), утврдено е дека данок на личен доход **не се плаќа** на надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина најмногу **до 8.000 денари месечно** (член 12 став 1 точка 14).

### *1.8. Пресметка на надоместокот на практична обука на ученици и студент*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

- **Надоместок за Практична обука на ученици и практична настава на студент, во висина најмногу до 8.000 денари месечно:**

> ***НАПОМЕНА:** Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари, се пресметува и плаќа Данок на доход во висина од 11,1111%.*

**ПРИМЕР:** *Друштвото "НН" во месец Јули/2025 година, за сопствените потреби ангажирало ученик на практична обука, согласно со наставните програми за задолжителна практична обука. Работодавачот на ученикот кој ги исполнува работните обврски утврдени во Договорот, треба да му исплати надоместок од* ***8.000,00 денари месечно.***

***Согласно Договорот за обука на ученици и студенти за месец ЈУЛИ/2025 година, на ученикот му е исплатено:***

| | |
|---|---|
| **Надомест на практична обука:** | **8.000,00** |
| **Придонес за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професионална болест (31.577,00 x 4% =1.263,00 денари):** | **1.263,00** |
| **Вкупно трошоци:** | **9.263,00** |

***НАПОМЕНА: Доколку договорот за практична обука е склучен на поголем износ од пропишаниот износ од 8.000, 00 денари, на разликата се плаќа Данок на личен доход.***

Вишокот исплатен износ над 8.000,00 МКД, заедно со Данокот на доход се додава во Даночниот биланс како Даночно непризнат расход.

Вкупните трошоци на друштвото "НН" за надоместок **за практична обука од 8.000,00 денари** и придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професионална болест од ***1.263*,00 денари** за ангажирање на лицето за практична обука, изнесуваат: ***9.263*,00 денари.**

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 449 - Останати трошоци на работењето | | |
| надомест за практична обука | ***9.263,00*** | |
| 2390 - Придонес за инвалидност | | 1.263,00 |
| 259 - Нето надомест за практикант | | 9.263,00 |

***- (надомест за практична обука на ученици и студенти)***

***НАПОМЕНА: За исплатените 8.000,00 денари, на учениците по основ на надоместок за практична работа, Друштвото нема обврска да пресмета и плати данок на доход.***

### *1.9. Договор за практиканска работа*

Согласно член 12 од ЗП, правата и обврските на практикантот и работодавачот се уредуваат со **Договор за практикантска работа.**

Работодавачот е должен да го склучи договорот за практикантска работа со практикантот во писмена форма, кој треба да биде потпишан од двете страни, пред започнувањето на практикантската работа.

***Договорот за практикантска работа за лице помладо од 18 години, го потпишуваат практикантот***, неговиот родител/старател и работодавачот.

Договорот за практикантска работа, може да биде потпишан на полно работно време или неполно работно време, согласно со потребите и волјата на договорните страни.

Договор за практикантска работа не може да се склучи за вршење на работи и задачи за конкретно постојно работно место, за кое може да се склучи договор за вработување, односно практикантот не може да обавува редовни работни обврски.

Договор за практиканска работа не може да се склучи со лице кое претходно било вработено кај ист работодавач или друг работодавач за работно место со исти или слични работни задачи како практиканска работа и работниот однос да траел не помалку од три месеци.

Со склучување на договорот за практикантска работа, практикантот не ги губи правата по основ на невработеност, согласно со прописите од областа на вработувањето и осигурување во случај на невработеност и правата пропишани по основ на социјална заштита, утврдени согласно со прописите од областа на социјалната заштита.

**ДОГОВОР ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА**
***Склучен на ден 2025 година, помеѓу:***

**1. Правното лице** __________________________со седиште во ________________ (адреса) застапувано од __________________ (име и презиме), како обезбедувач на практиканска работа и

**2. Лицето** ___________________________, со адреса на живеење _____________________, ЕМБГ _______________, како корисник на практикантска работа - Практикант),

**Член 1**

Со овој договор се регулира практикантската работа на практикантот кај работодавачот.

**Член 2**

Времетраењето на овој договор е _____ месеци и истиот започнува да се применува од _____________ 2025.

**Член 3**

Работните задачи кои ќе ги врши практикантот вклучуваат пополнување на налози за плаќање, архивирање на документација, подготовка на испратници, магацинска работа, благајничко работење, подготовка на ПЛТ обрасци како и останати поврзани работни активности.

Еден дел од работните активности практикантот ќе ги извршува во софтверот за деловно работење на работодавачот.

Целта на извршување на работните активности е стекнување на основно работно искуство, запознавање со работните оперативни процеси на работодавачот и стекнување на практични вештини за исполнување на секојдневни работни задачи, кои се вообичаени за дејноста на работодавачот.

При извршување на работните задачи на практикантот во својство на ментор, ќе му помага лицето **"ТН"** вработено кај работодавачот во редовен работен однос.

**Член 4**

Работното време во кое практикантот ќе ги исполнува работните задачи **е 8:30 до 16:30 часот**, секој работен ден, во просториите на работодавачот.

Практикантот има право да користи пауза во траење од половина час на ден, во термин од денот во договор со менторот.

**Член 5**

Месечниот нето надомест кој работодавачот се обврзува да му гу исплаќа на практикантот изнесува ____% од минималната законска нето плата за работата, во првиот месец,___% од минималната законска нето плата за работата, во вториот и третиот месец и ____% од минималната законска нето плата за работата во четвртиот, петтиот и шестиот месец.

Работодавачот се обврзува да ги подмири и сите дополнителни законски пропишани даноци, придонеси и останати давачки, кои произлегуваат од претходниот став.

**Член 6**

Сите податоци до кои ќе дојде практикантот за време на извршување на работните задачи кај работодавачот имаат својство на деловна тајна и практикантот не смее да ги споделува со лица надвор од работните простории на работодавачот.

Практикантот не смее да изнесе никаков имот на работодавачот, кој ќе го користи за извршување на работните задачи надвор од работните простории на работодавачот.

**Член 7**

Работодавачот се обврзува на практикантот да му издаде потврда за извршената практикантска работа, согласно со законските одредби.

**Практикант** **Работодавач**

_________________ _______________

Скопје, ________ 2025 година

### *1.10. Разлики помеѓу практиканство согласно Законот за практиканство и практична обука на студенти*

Практичната обука на студенти, не треба да се подведува под практикантството предвидено со Законот за практиканство, туку тоа е посебен вид стручна обука за време на студирање.

**Разликите произлегуваат од следниве аргументи:**

- Одредбите од Законот за практикантство се однесуваат на невработени лица, (кои работодавачот има обврска да ги пријa ви/одјави во АВРСМ), а практичната обука на студенти се однесува на редовни студенти, кои не се евидентирани како невработени лица;
- Надоместокот за практикантство согласно Законот за практикантство се оданочува со данок на личен доход како доход од работа, додека надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина **најмногу до 8.000 денари месечно** е ослободен од оданочување согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход
- **На надоместокот за практикантство** согласно Законот за практикантство **се пресметува придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест (4%) и**

**дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа (0,5%)** и овој придонес го пресметува и плаќа друштвото кај кое се одвива практикантската работа.

- **На надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти** се плаќа придонес врз основа на телесно оштетување, причинето со повреда на работа и професионална болест и овој придонес го плаќа Установата од областа на образованието на ученици и студенти, согласно член 8 став 1 точка 1 и член 13 став 1 точка 13 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## *Разлика*

***помеѓу практиканти и практична настава на ученици и студенти***

| ОПИС | ПРАКТИКАНТИ | УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ |
|---|---|---|
| **ЗАКОНСКИ ПРОПИС** | **ЗАКОН ЗА ПРАКТИКАНСТВО** | **ЗАКОН ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА** |
| Статус | **Невработено лице** | **Невработено лице** |
| Услов | **Физичко лице:**<br><br>Не во работен однос;<br>Не е постар од 34 г.<br>Завршено најмалку средно образование | **Ученик, студент** |
| Образование | **Завршено** | **Во тек** |
| Пракса/Обука | **Подобрување на вештини и квалификации за побрзо и поуспешно вработување** | **Дел од образовниот процес услов за полагање испит** |
| Склучување на Договор | **Договор за практиканство меѓу работодавач и практикант** | **Договор за обука меѓу работодавач, лицето и образовната институција** |
| Надомест за извршена работа | **Во висина од:**<br><br>*** 42% до 74% од Минимална нето плата до 3 месеци,**<br>*** Минимална нето плата од 4 тиот месец** | **Износ определен во договорот** |

| | | |
|---|---|---|
| Број на ангажирани лица | **До 5 вработени-1 практикант<br>До 10 вработени 2 пратикант<br>До 50 вработени 4 практикан<br>До 150 вработени 8 практика<br>До 250 вработ. 15 практикан<br>До 500 вработ. 60 практикати** | **Неограничено** |
| Обврски кон Институции | **Оглас за практиканти и пријава/одјава во АВРМ** | **Достава на Договорот со Образовната институција** |
| Даночен третман на надоместокот | **Данок на личен доход** | **Ослободен од данок на личен доход до 8.000 денари** |
| **ПРИДОНЕСИ:** Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда од работа | **Во висина од 4% од основицата која изнесува 50% од просечната плата по работник во РМ, Објавена во месец јануари во тековната година (се плаќа преку МПИН)** | **Во висина од 4% од основицата која изнесува 50% од просечната плата по работник во РМ Објавена во месец јануари во тековната година (се плаќа преку МПИН)** |
| Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа | **Во висина од 0,5% од основицата која изнесува 50% од просечната плата по работник во РМ, Објавена во месец Јануари во тековната година (се плаќа преку МПИН)** | **Не се плаќа** |

# ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

*м-р Магдица Костадинова*

## *НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО*

***Начинот за извршување на платежните трансакции со странство е пропишан со одредбите од Одлуката за начинот за извршување платежни трансакции со странство („Службен весник на РСМ“ 84/2025).***

### *ВОВЕД*

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 35 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ” 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ” 110/21, 74/24 и 16/25), член 26 став 3 и член 40 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на РМ” 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ” 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на РС Македонија, ја донесе Одлуката за **начинот за извршување платежни трансакции со странство. Со Одлуката** се пропишува начинот за извршување платежни трансакции со странство.

Одредбите од Одлуката се однесуваат на сите плаќања и трансфери помеѓу резиденти и нерезиденти во странски платежни средства или во денари, преноси помеѓу нерезиденти во странски платежни средства или во денари и преноси на странски платежни средства помеѓу резиденти за трансакции поврзани со плаќања и наплати помеѓу резиденти и нерезиденти коишто давателите на платежни услуги во земјата ги извршуваат прекугранично или во земјата, како и известувањето на Народната банка за платежните трансакции извршени со странство.

Согласно точка 2 од Одлуката, приливни и одливни платежни трансакции од и со странство се третирани со Одлуката, употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

**Приливна платежна трансакција од странство**“ е приливот на парични средства од странство или од плаќач нерезидент во земјата во корист на примач кај давател на платежни услуги во земјата.

**Одливна платежна трансакција во странство**“ е одливот на парични средства во странство или во корист на примач нерезидент во земјата по налог на плаќач кај давател на платежни услуги во земјата.

**Платежни трансакции со странство извршуваат следниве даватели на платежни услуги:**

- ***Банки и филијали на странски банки коишто ги исполнуваат условите за вршење работи со странство во согласност со Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на РС Македонија“ 101/19, 122/21 и 37/25);***
- ***Платежни институции и институции за електронски пари коишто добиле дозвола за давање платежни услуги, односно за издавање електронски пари во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи со која може да извршуваат платежни трансакции со странство;***
- ***Штедилници коишто во согласност со Законот за банките добиле согласност да даваат платежни услуги со која може да извршуваат платежни трансакции со странство; и***
- ***Народната банка на РС Македонија за потребите на органите на државната власт и јавните претпријатија основани од РС Македонија.***

При извршувањето платежни трансакции со странство давателите на платежни услуги се должни да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање тероризам, во согласност со закон.

**Давателите на платежни услуги ги извршуваат платежните трансакции со странство преку:**

- ***Своите платежни сметки во странска валута кај странски даватели на платежни услуги,***
- ***Платежните сметки во странска валута или во денари отворени кај давател на платежни услуги во Република Северна Македонија.***

За извршување на платежните трансакции со странство, покрај одредбите од оваа одлука, се применуваат и одредбите од подзаконските акти на Народната банка за извршување платежни трансакции, коишто произлегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи, при што се користат платните налози пропишани со тие акти.

Давателите на платежни услуги се должни во рамковните договори, коишто ги склучуваат со корисниците на платежни услуги, да ги информираат за нивните обврски при вршењето готовински плаќања и плаќања и трансфер на средства врз основа на капитални трансакции, коишто произлегуваат од членовите 27 и 28 од Законот за девизното работење.

## *2. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО*

### *2.1. Приливна платежна трансакција од странство*

Согласно точка 7 од Одлуката, при обработката на приливна платежна трансакција од странство, давателот на платежната услуга на примачот го врши одобрувањето на паричните средства на платежната сметка на примачот преку постапка на:

- ***директно одобрување, во случаите од точката 8 од оваа одлука (во понатамошниот текст: постапка на директно одобрување) или***
- ***одложено одобрување при капитални трансакции за кои се потребни дополнителни информации или документи во случаите од точката 10 од оваа одлука (во понатамошниот текст: постапка на одложено одобрување).***

Во случај на еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки коишто примачот ги повлекува во готовина без одобрување на платежна сметка, давателот на платежни услуги смее да му исплати во готовина на дневна основа најмногу 5.000 евра или соодветна противвредност во други валути.

**Давателот на платежни услуги применува постапка на директно одобрување во случај на:**

***– Прилив за примач нерезидент;***

***– Прилив за примач резидент, освен ако се исполнети условите од точката 10 од оваа одлука за одложено одобрување, за капиталните трансакции.***

Согласно точка 9 од Одлуката, **при спроведувањето на постапката на директното одобрување** од точката 8 од Одлуката, давателот на платежни услуги е должен веднаш во текот на истиот работен ден, а најдоцна наредниот работен ден од приемот на известувањето за одобрени средства на неговата сметка кај давател на платежна услуга во земјата или во странство, да ги одобри паричните средства на платежната сметка на примачот со датум на валута на одобрување, којшто не смее да е подоцна од работниот ден на кој е одобрен износот на платежната трансакција на неговата сметка и да му ги даде на примачот информациите за платежната трансакција, уредени **во членот 63 од Законот за платежни услуги и платни системи**, во согласност со рамковниот договор за платежни услуги, склучен меѓу давателот на платежните услуги и примачот.

Доколку информациите за приливната платежна трансакција наведени во известувањето од страна на давателот на платежни услуги се погрешни, примачот е должен да достави повратно известување до давателот на платежната услуга за исправка на информациите за трансакцијата.

Согласно точка 10 од Одлуката, **давателот на платежни услуги** применува постапка на одложено одобрување во случај на прилив во корист на примач резидент врз основа на капитални трансакции за кои се потребни дополнителни информации или документи пропишани **со Упатството од точката 21 од Одлуката** од кои може да се утврди дека се исполнети условите **од членот 28 од Законот за девизното работење**, **доколку тие не биле доставени пред да стаса приливот.**

При спроведувањето на постапката на одложено одобрување, давателот на платежни услуги е должен веднаш во текот на истиот работен ден, а најдоцна наредниот работен ден од денот на приемот на известувањето за одобрени средства во корист на неговата сметка кај давател на платежна услуга во земјата или во странство, да го извести примачот резидент за платежната трансакција и за дополнителните информации или документи од ставот 1 од точка 10, **коишто треба да ги достави за одобрување на паричните средства** на неговата платежна сметка, во согласност со рамковниот договор за платежни услуги склучен меѓу давателот на платежни услуги и примачот.

По приемот на известувањето, примачот резидент веднаш, а најдоцна во рок од 5 работни дена, ги доставува сите дополнителни информации или документи до давателот на платежните услуги за одобрување на средствата на неговата сметка.

Ден на прием на известувањето е денот за кој се смета дека примачот е известен за приливот, во согласност со рамковниот договор за платежни услуги склучен меѓу давателот на платежни услуги и примачот.

Давателот на платежни услуги ги одобрува паричните средства на платежната сметка на примачот резидент веднаш, во текот на истиот работен ден, а најдоцна наредниот работен ден по приемот на дополнителните информации или документи со датум на валута на одобрување којшто не смее да е подоцна од работниот ден на кој е одобрен износот на платежната трансакција на сметката на давателот на платежни услуги.

Давателот на платежни услуги не смее да ги одобри паричните средства на платежната сметка на примачот резидент сè додека примачот резидент не му ги достави сите дополнителните информации или документи.

Согласно точка 11 од Одлуката, во случаите од точките 8 и 10 на Одлуката, давателот на платежни услуги ги одобрува паричните средства на платежната сметка на примачот во износ и странска валута во кои средствата биле одобрени на неговата платежна сметка кај давател на платежни услуги во земјата или странство или во друга валута во согласност со насоките од примачот, во согласност со рамковниот договор за платежни услуги склучен меѓу давателот на платежните услуги и примачот.

Согласно точка 12 од Одлуката доколку паричните средства на примачот се одобрени на платежна сметка на посреднички давател на платежни услуги, посредничкиот давател на платежни услуги е должен да го извести давателот на платежни услуги на примачот и да ги пренесе паричните средства на платежната сметка на давателот на платежни услуги на примачот, во валутата на платежната трансакција, најдоцна наредниот работен ден од датумот на прием на паричните средства на својата платежна сметка.

Доколку по приемот на известувањето од посредничкиот давател на платежни услуги, давателот на платежни услуги на примачот утврди дека се работи за приливна платежна трансакција за која се применува постапка на одложено одобрување, го информира примачот во согласност со точката 10 на оваа одлука.

Согласно точка 13 од Одлуката, доколку во платежната трансакција се содржани информации само за еден примач, а врз основа на договор, корисници на паричните средства од платежна трансакција се два или повеќе примачи, примачот којшто е назначен во платежната трансакција го известува давателот на платежни услуги за својата платежна сметка и платежните сметки на другите примачи содоговарачи и му доставува копија од договорот. Давателот на платежни услуги е должен да ги одобри паричните средства од платежната трансакција на платежните сметки на сите примачи, во согласност со договорот.

Одговорноста за вистинитоста на информациите доставени до давателот на платежни услуги, како и за автентичноста на приложените документи при обработката на приливна платежна трансакција од странство, ја презема примачот резидент.

### *2.2. Одливна платежна трансакција во странство*

Согласно точка 15 Од Одлуката, при иницирање одливна платежна трансакција во странство, **плаќачот му доставува на давателот на платежни услуги:**

- **Платен налог пополнет во согласност со подзаконскиот акт на Народната банка за извршување платежни трансакции и**

- **Соодветен документ (*во случај на плаќач резидент)* доколку е предвиден во Упатството од точката 21 од Одлуката од кој може да се утврди дека за извршување на капиталната трансакција се исполнети условите од членот 28 од Законот за девизното работење.**

Доколку плаќачот иницира еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки со користење готовина без внесување платежна сметка, давателот на платежни услуги смее да изврши пренос на парични средства на месечна основа најмногу во износ од 2.500 евра или соодветна противвредност во други валути.

Согласно точка 16 од Одлуката, одговорноста за вистинитоста на информациите доставени до давателот на платежни услуги, за обврската за плаќање во странство, како и за автентичноста на приложените документи при извршување одливна платежна трансакција во странство, ја презема плаќачот резидент.

Согласно точка 17 од Одлуката, давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да обезбеди паричниот износ на платежната трансакција со странство во денари или евра којашто се извршува во РС Македонија да биде одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот во истиот работен ден кога е примен платниот налог, во согласност со терминскиот план на давателот на платежни услуги со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.

Давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да обезбеди паричниот износ на платежната трансакција со странство во валута различна од денари и евра којашто се извршува во РС Македонија да биде одобрен на сметката на давателот на платежни услуги на примачот најдоцна до крајот на вториот работен ден по денот кога е примен платниот налог, во согласност со терминскиот план на давателот на платежни услуги со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.

Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да обезбеди паричниот износ на платежната трансакција со странство во евра којашто се извршува во рамките на **Единствената област за плаќања во** евра (СЕПА), да биде одобрен на сметка-

та на давателот на платежни услуги на примачот најдоцна до крајот на следниот работен ден по денот на приемот на платниот налог, во согласност со терминскиот план на давателот на платежни услуги со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.

Рокот може да се продолжи за уште еден работен ден за платежните трансакции во евра во рамките на СЕПА коишто се иницирани на хартија.

Роковите за извршување на прекуграничните платежни трансакции определени со точка 17 став 3 и 4 се применуваат соодветно и на други прекугранични платежни трансакции, освен ако корисникот на платежни услуги и давателот на платежни услуги се договорат за примена на подолг рок за извршување на платежните трансакции.

Доколку за извршување прекугранични платежни трансакции во рамките на СЕПА во други валути на земји од СЕПА различни од евро е договорен рок подолг од еден ден,односно рокот утврден во ставот 5 на точка 17, тој не може да надмине четири работни дена од времето на прием на платниот налог, во согласност со терминскиот план на давателот на платежни услуги со кој е определен моментот кон крајот на работниот ден како крајно време, по кое се смета дека е примен платниот налог следниот работен ден.

### *3. ВНЕСУВАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ ГОТОВИНА ВО СТРАНСКА ВАЛУТА НА/ОД ПЛАТЕЖНА СМЕТКА НА ПРИМАЧ РЕЗИДЕНТ*

Согласно точка 18.од Одлуката, примачот резидент којшто е трговско друштво, трговец поединец или подружница на странско правно лице во Република Северна Македонија, може да внесе готовина во странска валута кај давател на платежни услуги.

Во овој случај, давателот на платежни услуги врши директно одобрување на готовината во странска валута на платежната сметка на примачот, истиот работен ден кога ќе му бидат доставени потребните документи во согласност со подзаконскиот акт за начинот и условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакции со нерезиденти.

Давателот на платежни услуги може да врши исплата на готовина во странска валута на барање од резидент заради плаќање во странство во согласност со подзаконскиот акт за начинот и условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакции со нерезиденти.

### *4. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА*

Согласно точка 20 од Одлуката, давателите на платежни услуги ја известуваат Народната банка за платежните трансакции извршени со странство на начинот, формата и роковите пропишани во Упатството **од точка 21 од Одлуката**.

Давателите на платежни услуги известуваат за состојбата и прометот на сметките, преку кои ги извршуваат платежните трансакции со странство, во рок од 8 работни дена по истекот на периодот за кој се известува.

Народната банка ги користи доставените податоците за извршените платежни трансакции со странство за статистички цели.

# ТУРИЗАМ

Дипл. економист Марика Лекоска

## МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

***Минимално техничките услови и другите услови на објектите за вршење на туристичка дејност е регулирано согласно Законот за туристичка дејност ("Службен весник на РМ" 62/04...31/20, 16/25, Правилникот за форма и содржина на Образецот на Пријавата за исполнување на минимално техничките услови и другите услови на објектите на туристичка дејност ("Службен весник на РСМ" 95/2025).***

### ВОВЕД

Согласно законот за туристичка дејност, "туристичка дејност" е организирање и спроведување на туристички патувања во туристички места, фамилијарни излети и други некомерцијални екскурзии и други туристички аранжмани во земјата и странство, давање на туристички информации, продавање и посредување при продажбата на угостителски и други туристички услуги, посредување околу издавање на куќи, станови и соби за туристи, вршење на услуги со туристички водичи и други услуги.

**Други услуги** се продавање на возни билети и осигурување на патници и туристи, туристички пропагандни активности, организирање на културни и спортски манифестации, менувачки работи, давање под наем на возила и пловни објекти, продавање на сувенири, туристичка литература и друга стока што се продава во туристичкиот промет, како и продавање на влезници за културни, спортски и други манифестации, уплата на лото, спортска прогноза, лотарија и слично.

**Вршители на туристичка дејност** се трговски друштва, трговци поединци и физички лица.

## *1. МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ*

Согласно член 8 од Законот за туристичка дејност, објектите треба да ги исполнуваат пропишаните минимално-технички услови и другите услови пропишани со закон.

Туристичката агенција која непосредно дава услуги на патник преку средства за електронска комуникација се должни да работат во согласност со одредбите од законот и прописите од областа на електронската трговија.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ги пропишува минимално-техничките услови.

Минимално техничките услови на објектите за вршење на туристичка дејност, се регилирани согласно Правилникот за минимално техничките услови на објектите за вршење на туристичка дејност ("Службен весник на РСМ" 95/2025), ***(во продолжение Правилникот).***

### *1.1. Вршење на туристичка дејност*

Согласно член 2 од Правилникот,туристичките агенции можат да вршат туристичка дејност во соодветни деловни објекти, како и во повеќе деловници согласно член 11 од Законот за туристичката дејност, ако ги исполнуваат минимално-техничките услови пропишани со правилникот.

**Секоја туристичка агенција која непосредно ги дава услугите на корисниците, треба да има деловен објект**.

Деловен објект, во смисла на одредбите од правилникот, е деловната просторија на туристичката агенција, во која туристичката агенција непосредно ги дава своите услуги на корисниците.

Деловниот објект може да се состои од канцеларии или други соодветни простории.

### *1.2. Услови за вршење на туристичка дејност*

Согласно член 4 од Правилникот, туристичката агенција која што непосредно продава туристички пакет-аранжмани и други излетнички програми, **треба да има деловен објект со големина од најмалку 14м2 и висина од 2,4м.**

По исклучок ако деловниот објект е сместен во зграда која што е регистрирана како историско-културен објект или се наоѓа во објект од посебна амбиентална вредност, односно во заштитена споменична целина или во киоск, **големината на деловниот објект треба да биде најмалку 7м2, односно висината не треба да биде помала од 2,2м.**

Во деловните објекти со повеќе од две продажни места, површината утврдена **се зголемува за нови 4м2 по секое продажно место.**

Деловните објекти треба да бидат така уредени и опремени за да се овозможи непосреден контакт со корисниците, како и нивно непречено движење.

Согласно член 6 од Правилникот, **ако во деловниот објект на шалтерите работат повеќе од тројца вработени**, на поедини шалтери од деловниот објект треба на видлив начин да се означи називот на услугата на туристичката агенција која што се дава на тој шалтер (***на пр. продажба на авионски карти, продажба на туристички аранжмани, давање на менувачки услуги и др.).***

Во овој случај деловниот **објект во просторот пред шалтерот треба да има гарнитура за седење за корисниците на услугите,** освен ако седиштата за корисниците не се поставени непосредно пред секој шалтер.

Согласно член 7 од Правилникот, **ако во деловниот објект на шалтерите работат повеќе од пет вработени,** за вршење на административните и другите работи, треба да биде обезбеден посебен деловен простор, одвоен од просторот во кој се врши продажба на услугите на туристичката агенција.

**НАПОМЕНА: Одредбите на членовите 6 и 7 од Правилникот не се однесуваат на туристичките агенции кои продаваат патнички аранжмани или даваат туристички услуги преку средствата за електронска комуникација, односно преку дистанца без никаков непосреден контакт со корисниците.**

***1.3. Давање на туристички услуги на дистанца***

Согласно член 8 од Правилникот, тристичките агенции кои продаваат патнички аранжмани или даваат туристички услуги преку средствата за електронска комуникација преку дистан-

ца, треба да им обезбедат на корисниците достапни информации преку телефон и e-mail, за резервации, откажувања и промени на патувања и услуги.

Туристичките агенции преку комуницирање на дистанца, треба да му дадат на корисникот јасна и достапна информација за:

- **Називот на туристичката агенција,**
- **Адреса на седиштето на туристичката агенција и**
- **Идентификационен код на туристичката агенција**.

### *1.4. Техничко хигиенски услови за вршење на туристичка дејност*

Согласно член 9 од правилникот, просторот во кој се наоѓа деловниот објект на туристичката агенција, треба во текот на целото работно време да биде добро осветлен со природно или вештачко осветлување и проветрен на природен или вештачки начин.

**Во зимскиот период овие простории, треба да имаат температура од најмалку 19°C.**

Согласно член 10 од правилникот, деловниот објект на туристичката агенција треба да има најмалку еден директен приклучок на телефонска мрежа, а треба и да располага со соодветна минимална информатичка опрема (најмалку еден компјутер со печатар).

Ако во деловниот објект на туристичката агенција има повеќе од две работни места, тогаш треба да постојат телефонски апарати за поврзување и на секои две работни места по еден приклучен телефонски апарат.

Согласно член 11 од правилникот, деловниот објект треба да има најмалку еден тоалет со проточна вода и предпростор, во кој се наоѓа мијалник.

Тоалетот и предпросторот треба да имаат под од материјал кој не пропушта вода, а ѕидовите треба до висина од 1,6м од подот да бидат обложени со керамички плочки или соодветен друг материјал.

По исклучок на одредбата од член 11 од Правилникот, доколку деловниот објект на туристичката агенција се наоѓа во зграда која е регистрирана како историскокултурен објект или како објект од посебна амбиентална вредност, односно се наоѓа во заштитен историски споменик, како и во објекти наменети за

трговија (**трговски центри**), во банки, во хотели, на саемски простор, на железничка станица, на автобуска станица или на терминалите на аеродромите или во киоск, деловниот објект не треба да има сопствен тоалет, но на вработените треба да им биде овозможено користење на тоалет во близина.

## *2. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИНИМАЛНО -ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ*

Вршителот на туристичката дејност е должен да го пријави исполнувањето на минимално-техничките услови на објектите за вршење на туристичка дејност.

Пријавувањето се врши до Државниот пазарен инспекторат и на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги.

Рокот за пријавување изнесува најмалку осум дена пред почетокот на вршењето на дејноста. Пријавувањето се врши на посебен образец.

Градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје го информира градоначалникот на градот Скопје за извршениот упис на физичките лица во регистарот, како и пријавувањето од страна на вршителите на туристичката дејност.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ги пропишува формата и содржината на образецот на пријавата.

Формата и содржината на Образецот на Пријавата за исполнување на минимални-техничките услови и другите услови на објеките за вршење на туристичка дејност **се изготвува на образец А4 формат на хартија во бела боја.**

Прилог

До:
- Министерство за економија и труд - Државен пазарен инспекторат
- општина ________________________

**ПРИЈАВА**

**За исполнување на минимално-техничките услови и другите услови на објектите за вршење на туристичка дејност**

**Идентификација на трговското друштво/трговец поединец**

Назив на трговското друштво/трговец поединец:
______________________________________________________________________________

Адреса на седиштето на трговското друштво/трговец поединец:
______________________________________________________________

ЕМБС: ______________________

Податоци за одговорното лице: ___________________________________
(име и презиме)

Телефон:
_________________________

Општина:
________________________________

**Идентификација на деловниот објект**

Под кој назив ќе работи деловниот субјект на туристичката агенција:
________________________________________________________________________

Адреса на деловниот субјект:
________________________________________________________________

Телефон: __________________________

Општина: __________________________________________

**Деловен објект:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на објектот:** | трајна градба | ☐ | киоск | ☐ |
| **Пристап до деловниот објект:** | Да | ☐ | Не | ☐ |
| **Доказ за сопственост:** | сопствен | ☐ | под закуп | ☐ |

Деловниот објект се состои од: __________________ простории.
Вкупна површина на деловниот објект е ________________ $м^2$, со висина__________________ м
Вкупна површина на киоск е ________________ $м^2$, со висина__________________ м.

**Напомена:**
За повеќе од две продажни места површината се зголемува за секое ново уште за 4 $м^2$.
Најмалата површина на деловниот објект треба да изнесува 14 $м^2$, а висината не треба да биде помала о 2,4 $м^2$.
Ако деловниот објект е сместен во зграда која што е регистрирана како историски културен објект во заштитена споменична целина или во киоск, површината на деловниот објект не треба да биде помала од $м^2$ , а висината на деловниот објект не треба да биде помала од 2,2 $м^2$.

**Санитарен дел**

Тоалет со проточна вода: број: ________________ ______________ м2

Предпростор со мијалник: Не ☐ Да ☐ _____________ м2

Тоалет обложен со плочки во висина од 1,6 м: Да ☐ Не ☐

Тоалет: заеднички ☐ сопствен ☐

Осветлување: природно ☐ вештачко ☐

Вентилација: природно ☐ вештачко ☐

Греење: _____________ $^0$C

**Опремување:**

| | | |
|---|---|---|
| Гарнитура за седење: | Да ☐ | Не ☐ |
| Телефон: | Да ☐ | Не ☐ |
| Телефонска опрема: | Да ☐ | Не ☐ |
| Информатичка опрема: | Да ☐ | Не ☐ |
| Противпожарен апарат: | Да ☐ | Не ☐ |

**Број на вработени во деловниот објект на туристичката агенција:**
_________________________

**Потврда дека деловниот објект е во заштитена споменична целина**
**(ако се наоѓа таму, а е спорна квадратурата или висината)**

**Изјавувам дека сите информации дадени во пријавата се вистинити:**

**Датум:**

**М.П.**_______________________
**потпис**
__________________

**Место:**
__________________

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист: Марика Лекоска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2025 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2025 година (за даноци и придонеси)* | *63.154,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2025 година, за образец (МПИН)* | *31.577,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси за 2025 година (16 просечни бруто плати –(16 x 63.154)* | *1.010.464,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2025 година* | *10.270,00* |
| *Дневница за службени патувања од 22.05.2025* | *3.490,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2024 година* | *41.239,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2024 година* | *61.984,00* |

### *I. БРУТО И НЕТО ПЛАТИ*

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2025 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2025* година, изнесува:

| |
|---|
| ***63.154,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025 година.***

## 2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 2.1. Најниска основица за вработени лица

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18, 251/22, 3/25), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2025* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***31.577,00 денари (63.154,00 x 50%).*** |

### 2.2. Најниска основица за самовработени лица

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***<br>***31.577,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** – **вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)***<br>***63.154,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***<br>***31.577,00 денари.*** |

## 3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 3.1. Највисока основица за вработени лица

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, **НАЈВИСОКА месечна основи*ца*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот **од (16) шеснаесет просечни плати, кој износ за 2025 година, изнесува:**

***1.010.464,00 денари (16 x 63.154,00 денари).***

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***757.848,00 денари (12 x 63.154,00 денари).***

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата ***на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,*** односно ***управител во трговско друштво***, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2025 година**, изнесува.

***1.010.464,00 денари (16 x 63.154,00 денари.***

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***50.523,00 денари (63.154,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личен доход.***

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| *ПРИДОНЕСИ* | *Стап-ка* | *Најнизок износ* | *Највисок износ* |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***МАЈ 2025 година,*** по вработен | 18,8% | ***5.936,00*** | ***189.967,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***МАЈ 2025 година*** по вработен | 7,5% | ***2.368,00*** | ***75.785,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***МАЈ 2025 година*** по вработен | 1,2% | ***379,00*** | ***12.126,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***МАЈ 2025 година,*** по вработен. | 0,5% | ***158,00*** | ***5.052,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | *28%* | ***8.841,00*** | ***282.930,00*** |

### 4.1 Придонес за стажна осигурување што се смета со зголемено траење

| **Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење** | **Стапка 2020-2024** |
|---|---|
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци** | **9,4%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци** | **7,83%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци** | **6,27%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци** | **4,7%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци** | **3,13%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци** | **1,57%** |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |
| 5. | 01.03.2023 – 29.02.2024 | 20.175,00 | 29.739,00 | 558/2023 Објава |
| 6. | 01.03.2024 - 28.02.2025 | 22.567,00 | 33.352,00 | 68/2024 Објава |
| 7. | 01.03.2025 - 28.02.2026 | 24.379,00 | 36.037,00 | 67/2025 Објава |

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2025 до 31.12.2025 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) данокот на личен доход за доход од работа, се пресметува со примена на две даночни стапки, согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2025*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2025 година* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***10.270,00*** |
| ***Годишно*** | ***123.240,00 10.270 х 12)*** |

## *7. СТАПКА НА ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА- И ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на член 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” 70/94... 202/19) ***Министерството за труд и социјална политика, објавува:***

1. Стапката на трошоците за живот за месец ***АПРИЛ 2025*** година во однос на месец ***МАРТ 2025,*** според податоците на ***ДЗС од 08.05.2025*** година, изнесува***: (0,6%).***
2. Исплатата на платите за месец ***АПРИЛ 2025*** во однос на месец ***МАРТ 2025***година, изнесува: ***(0,30%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***МАЈ/2025*** година, изнесуваат:

***176 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец III/2025), а се однесува за месец МАЈ 2025 година, изнесува:***

***67.240,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија* ***од 22.05.2025.***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци*** **(I-II-III//2025 *година)***, а се однесува месец ***МАЈ /2025 година изнесува:***

| ***65.524,00 денари,*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија* ***од 22.05.2025).***

***10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА***

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (III/2025), а се однесува за месец МАЈ/2025 година, изнесува:***

| ***44.763,00 денари,*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија* ***од 22.05.2025).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (I-II-III/2025 година)***, а се однесува месец ***МАЈ/2025 година изнесува:***

| ***43.623,00 денари,*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија* ***од 22.05.2025).***

***II. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ПРИВАТЕН СЕКТОР***

***1. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ***

| Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(I-II-III/2025 година)***, а се однесува за месец ***МАЈ/2025 година, изнесува:*** |
|---|

| ***43.623,00 денари*** |
|---|

Износот ***43.230,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ прав-ни лица:***

| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** |
|---|
| ***НАЈНИЗОК*** износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ***МАЈ/2025 година***, се исплатува во висина ***од најмалку 40% од основицата***, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач и **износува:** ***17.449,00 денари во НЕТО износ*** ***(43.623,00 x 40%)*** Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС. |
| ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС*** ***53.792,00 денари (67.240,00 x 80%)*** |
| ***(80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата)*** ***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***87.246,00 денари*** ***(двократен износ од основицата (2 x 43.623)*** ***Ослободен од Данок на личен доход до 87.246,00 денари.*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
| ***43.623,00 денари*** ***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец*** ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***26.174,00 денари*** **60% од основицата – (60% од 43.623,*00)*** ***Ослободен од Данок на личен доход до 26.174,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** |
| ***3.490,00 денари*** **8% од основицата (8% од *43.623,00)*** ***Ослободен од Данок на личен доход до 3.490,00 денари.*** |

| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО*** |
|---|
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи, кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната, не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби, организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** |
| ***130.869,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 x 43.623,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 130.869,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** |
| ***87.246,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 x 43.623,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 87.246,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***<br>***43.623,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 43.623,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ*** |
| (**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ*** |
| ***(во висина на стварни трошоци)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

| ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА МАЈ/2025 |
|---|
| ***8.248,00 денари***<br>(во висина од *20%* од просечна нето плата, исплатена во претходната 2024 година *(41.239,00 х 20%)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 8.248,00 денари.*** |
| **НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***43.623,00 денари;***<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци.<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

***2. НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА***

***2.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ***

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА,*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *2.2. Надоместоци на плата за ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина,*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2025* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 (2x50%) |
| ***ЈАНУАРИ/2025*** | ***41.999,00*** | ***21.000,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2025*** | ***43.587,00*** | ***21.794,00*** |
| ***МАРТ/2025*** | ***43.050,00*** | ***21.525,00*** |
| ***АПРИЛ/2025*** | ***43.053,00*** | ***21.527,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настаната-та статусна промена, правен следбеник е последниот работо-давач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *2.3. Надоместоци на плата за ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплатува од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци*,** сметано **од четвртиот месец**.

*Минимална НЕТО плата 24.379,00 денари*.

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

### *2.4. Надоместоци на плата за ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот, паѓа на товар НА УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

### *2.5. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...77/21; 60/23, 154/23,209/23), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2025 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2024 година **изнесува:**

***164.956,00 денари (4 x 41.239,00 денари).***

### *2.6. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2025 година*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2025 година, изнесува:

***82.780,00 денари.***

### *2.7. Надоместоци на плата за РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец МАЈ 2025 година*** изнесува;

***86.460,00 денари (2 x 43.230,00 денари.***

### *2.8. Надоместоци на плата за МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...199/23), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2024 година во РСМ во висина од:***

***30.992,00 денари (50% од 61.984,00 денари).***

***ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ИЗНЕСУВА:***
***371.904 (30.992 x 12)***

### *2.9. Надоместоци на плата за МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК (ПАУШАЛ) на членови на Надзорна фунција во ДОО во сопственост на Државата и АД во сопственост на државата*

Согласно член 365 став 2 од Законот за Трговски друштва, ("Службен весник на РМ" 28/04...272/24), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на ***на членови на Надзорна фунција во ДОО во сопственост на Државата и АД во сопственост на државата се исплатува*** во ***висина од ¼*** од ***Просечната НЕТО плата, исплатена во претходната 2024 година во РСМ која изнесува:***

***10.310,00 денари (1/4 од 41.239,00 денари).***

***ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ИЗНЕСУВА:***
***123.720 10.310 x 12)***

### *3. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот, се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

**Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж (МИНАТ ТРУД)**

### *3.1. Додатоци на плата за работа во недела и празници*

Согласно член 2 од Законот за празниците на РС Македонија (“Службен весник на Република Македонија” 21/98 и 18/07).

**Државни празници на Република Македонија се:**

- 24 Мај, "Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители;
- 2 Август, Ден на Републиката;
- 8 Септември, Ден на независноста;
- 11 Октомври, Ден на народното востание;
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
- 8 Декември, "Св. Климент Охридски".

**Празници на Република Македонија се:**

- 1 Јануари, Нова година;
- Божик, првиот ден на Божик, 7 јануари според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
- 1 Мај, Ден на трудот и
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам.

**НАПОМЕНА: Согласно член 3 од законот за празници (ЗП).** доколку празниците од членот 2 на овој закон **паѓаат во недела, наредниот ден се смета за неработен.**

**Согласно член 4 од ЗП** во РС Македонија се празнуваат и неработни денови **за верниците од православната вероисповед се:**

- Бадник, ден пред Божик;
- 19 Јануари, Богојавление (Водици);
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и
- Духовден, петок пред Духовден.

**Во РМ се празнуваат и неработни денови се:**

- Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од **муслиманската вероисповед**;
- 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на **албанската заедница;**
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на **турската заедница**;
- Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур за припадниците на **еврејската заедница;**
- првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци,
- според Грегоријанскиот календар за верниците од **католичката вероисповед**;
- 27 Јануари, Свети Сава за припадниците на **српската заедница;**
- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на **ромската заедница;**
- 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на **влашката заедница и**
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците **на бошњачката заедница.**

**НАПОМЕНА: Согласно член 5 од ЗП во неработните денови од членовите 2 и 4 на овој закон, работникот има право на надомест на плата, односно на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.**

| ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА | ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ | ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 од ЗП – **Државен пазник** и чл.4 од ЗП- **Верски празник)** | 50% - Додаток/недела<br>50% - Додаток/празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од ЗП – Државен празник)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП) Државен празник** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП) Верски празник** | 50% - Додаток за празник<br>100% Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

## *4. ПЛАТЕНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА (ПЛАТЕН ОДМОР)*

Согласно член 42 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности **до 7 работни дена, во текот на годината** во следните случаи:

**- за склучување на брак 3 дена**
**- за склучување брак на дете 2 дена**
**- за раѓање или посвојување дете 2 дена**
**- за смрт на сопружник или дете 5 дена**
**- за смрт на родител, брат, сестра 2 дена**
**- за смрт на родител на сопружник 2 дена**
**- за смрт на дедо или баба 1 ден**
**- за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот до 3 дена**
**- за елементарните непогоди до 7 дена**

### *III. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ЈАВЕН СЕКТОР*

***1. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за ПРАВНИ ЛИЦА ОСНОВАНИ СО ЈАВЕН КАПИТАЛ правни лица со повеќе од 49% јавен капитал За ЈАВНИ правни лица***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(III/2025), а се однесува за месец МАЈ 2025 година,*** изнесува:

***44.763,00 денари,***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 44.763,00 денари:***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***26.858,00 денари***<br>**(60% од основицата )** ***(44.763,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***89.526,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)** ***(2 x 44.763,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 89.526,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***26.858,00 денари***<br>***(60% од основицата) (44.763 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 26.858,00 денари.*** |

***2. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ***

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година ("Службен весник на РМ" 254/24), на буџетските корисници, им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***13.087,00 денари*** <br> ***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 43.623,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 13.087,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***89.526,00 денари*** <br> ***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(2 x 44.763,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 89.526,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br><br> ***44.763,00 денари*** <br> ***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 44.763,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***Согласно член 20 став 4 од Општ колективен договор за јавен сектор "Службен весник на РСМ" 154/23, Јубилејните награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:*** <br><br> ***- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;*** <br> ***- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;*** <br> ***- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и*** <br> ***- 200 % од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.*** |

| |
|---|
| ***Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата, претставува просечната месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во последните 12 месеци.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.***<br><br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година од 01.01.2025 година)*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br><br>***89.526,00 денари***<br>***(2 x 44.763,00)***<br><br>***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник, исплатена во РМ до денот на исплата.***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 89.526,00 денари.*** |
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>***(Согласно член 21 од Општ Колективен договор за за јавен сектор ("Службен весник на РСМ" 154/23),*** вработениот регресот за годишен одмор за 2025 година, се исплатува во висина **од најмалку** ***30% од основицата која претставува просечна месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во претходна година*** под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот и изнесува:***<br><br>***12.372,00 (во нето износ) (41.239,00 x 30%)*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК НЕ Е ПРОПИШАН).***<br>***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2025 година),*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br><br>Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2025 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).*<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***<br><br>***(во висина на стварни направени трошоци).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА МАЈ/2025***<br><br>***9.298,00 денари***<br>***(61.984,00 х 15%)***<br>***во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2024 година***):<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 9.298,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2025 година изнесува:***<br><br>***81,60 денари***<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***("Службен весник на РМ" 14/2025).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување) за III/2025 година, се однесува за месец***<br><br>***МАЈ/2025 година изнесува:***<br>***36.044,00 денари (50% од 72.087,00)*** |

***3. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

| |
|---|
| Согласно член 19 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија („Службен весник на РСМ" 154/23), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:* |

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА: Просечна бруто плата на работникот во последните 12 месеци. Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висината на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.***

***4. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 16 од Општиот Колективен договор за ***ЈАВЕН СЕКТОР*** на РМ („Службен весник на РМ” 154/23), ***основната плата на работникот се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа............................................35%***
- ***Работа ноќе..............................................................35%***
- ***Работа во три смени ................................................5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 50%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во смени, работникот го остварува само за деновите кога работи во три смени организирани со периодично менување во рамките на вкупните 24 часа.

**Согласно член 17 од ОКДЈС сновната бруто плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *27. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2025 ГОДИНА*

### *27.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ,*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **24.379,00** |
| 2. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 14.109,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.568,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **25.948,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (24.014 x 1,3889)** | **36.037,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 432,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 180,00 |
| **11. Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **10.090,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 25.947,00 |
| 13. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 15.677,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.568,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **24.379,00** |

### *27.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **36.037,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 432,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 180,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **10.090,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 25.947,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7-18 | 15.677,00 |
| **10. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.568,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1-6-10)** | **24.379,00** |

## *27.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **31.577,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 5.936,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.368,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 379,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 158,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **8.841,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 22.736,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8) | 12.466,00 |
| **10. Данок на доход (10 x 10%)** | **1.247,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **21.489,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 28.805,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 28.805,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 28.805,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 19.193,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 1.047,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 8.085,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси)*****,** | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 19.193,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 1.047,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 8.085,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 28.805,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *27.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (16 x 63.154,00)** | **1.010.464,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 189.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 75.785,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 12.126,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 5.052,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **282.930,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 727.534,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 717.264,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **71.726,00** |
| **11. Нето плата (1 - 6 - 10)** | **655.808,00** |

### *27.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **2.000.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 282.930,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **1.717.070,00** |
| 4. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 1.706.800,00 |
| **6. Данок на личен доход** *(5 x 10%)* | **170.680,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **1.546.390,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец АПРИЛ 2025 изнесува (1,4%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка (“Службен весник на РСМ” 112/2014...151/21, 199/23), Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2025 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот ***АПРИЛ 2025 година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2024 година, изнесува:*** | ***1,4%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***АПРИЛ 2025 година,*** **изнесува**: | ***1,4%*** |

Бидејки коефициентот на **МДБ за месец *АПРИЛ 2025 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2024** година, од ***(АОП/56 - Пресметан данок по намалување), помножен со 1,4%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2025 ГОДИНА

***Месечен коефициент за АПРИЛ/2025 (0,007).***
***Кумулативен коефициент од I до IV 2025 (0,017).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***АПРИЛ/2025*** година, во однос на ***МАРТ/2025*** година. | *0,007* |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***АПРИЛ/2025 година***. | *0,017* |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***АПРИЛ/2025 година*** во однос на ***АПРИЛ/2024 година***.. | *0,064* |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***АПРИЛ/2025 година***, во однос на ***МАРТ/2025 година***. | *0,016* |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на АПРИЛ/2025 година.*** | *-0,004* |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***АПРИЛ/2025 година*** во од-нос на ***АПРИЛ/2024 година***. | ***0,027*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***АПРИЛ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,014*** |

***3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА***

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на це-ните на мало во ***АПРИЛ/2025*** *година*, во однос на ***МАРТ/2025 година.*** | ***0,063*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до кра-јот на АПРИЛ/2025 година.*** | ***0,004*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***АПРИЛ/2025 година*** во однос на ***АПРИЛ/2024 година***. | ***0,027*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***АПРИЛ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,014*** |

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2025 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на ЕУРИБОР | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,364% | 9,636% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **38458 30.12.2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,373% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12.2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06.2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12.2018** | -0,363% | 9,637% | 7,637% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06. 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| 03.04-30.04. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **11011 03.04.2020** | -0,423% | 4,577% | 3,577% |
| 01.05-31.05. 2020 (**вонред-на состојба**) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **12262 29.04.2020** | -0,460% | 4,540% | 3,540% |
| 01.06-30.06. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,50% | 6,50% | 5,50% | **14004 29.05.020** | -0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07-31.12. 2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **15997 30.06.2020** | -0,510% | 9,490% | 7,490% |
| 01.01-30.06. 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **31368 24.12.2020** | -0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07-31.12. 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **19476 29.06.2021** | -0,555% | 9,445% | 7,445% |
| 01.01-30.06. 2022 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **37790/1 28.12.2021** | -0,583% | 9,417% | 7,417% |
| 01.07-31.12. 2022 | 2% | 12% | 10% | **21955/1 17.06.2022** | -0,508% | 9,492% | 7,492% |
| 01.01-30.06. 2023 | 4,75% | 14,75% | 12,75% | **42045/1 22.12.2022** | 1,884% | 11.884% | 9.884% |
| 01.07-31.12. 2023 | 6% | 16% | 14% | **22731/1 26.06.2023** | 3,399% | 13,399% | 11,399% |
| 01.01-30.06. 2024 | 6,30% | 16,30% | 14,30% | **42628/1 28.12.2023** | 3,845% | 13,845% | 11,845% |
| **01.07-31.12. 2024** | **6,30%** | **16,30%** | **14,30%** | 22635/1 17.06.2024 | **3,845%** | **13,845%** | **11,845%** |
| **01.01-31.06. 2025** | **5,55%** | **15,55%** | **13,55%** | 22635/1 28.12.2024 | **2,845%** | **12,845%** | **10,845%** |

**НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**
**(за период ЈАНУАРИ - МАЈ/2025 година)**

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 09.01.2025 | 78,00 | 80,50 | 72,50 | 72,00 | 45,711 | 4/2025 |
| 14.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,50 | 73,00 | 45,285 | 6/2025 |
| 17.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 73,00 | 46,336 | 10/2025 |
| 18.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 75,00 | 46,336 | 11/2025 |
| 21.01.2025 | 81,00 | 83,00 | 76,00 | 75,50 | 46,673 | 12/2025 |
| 28.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 45,631 | 17/2025 |
| 31.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 44,531 | 20/2025 |
| 04.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 44,531 | 22/2025 |
| 06.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 46,025 | 24/2025 |
| 08.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 47,469 | 27/2025 |
| 11.02.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,00 | 73,00 | 48,011 | 28/2025 |
| 18.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 47,209 | 34/2025 |
| 21.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 46,190 | 39/2025 |
| 25.02.2025 | 79,00 | 81,00 | 73,50 | 73,00 | 46,178 | 42/2025 |
| 04.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 44,952 | 48/2025 |
| 07.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 51/2025 |
| 08.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 52/2025 |
| 11.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 70,00 | 69,50 | 42,261 | 53/2025 |
| 18.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 68,50 | 68,00 | 41,345 | 59/2025 |
| 25.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 68,00 | 68,00 | 40,755 | 63/2025 |
| 02.04.2025 | 76,50 | 79,00 | 69,00 | 69,00 | 41,705 | 69/2025 |
| 08.04.2025 | 76,00 | 78,50 | 68,50 | 68,50 | 41,025 | 73/2025 |
| 09.04.2025 | 76,00 | 78,50 | 68,50 | 68,50 | 40,006 | 74/2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.04.2025 | 74,00 | 76,00 | 66,50 | 66,50 | 39,965 | 76/2025 |
| 11.04.2025 | 74,00 | 76,00 | 66,50 | 66,50 | 37,708 | 77/2025 |
| 12.04.2025 | 71,50 | 74,00 | 64,50 | 64,50 | 37,708 | 78/2025 |
| 15.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 | 36,992 | 79/2025 |
| 23.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 | 36,780 | 82/2025 |
| 29.04.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,00 | 65,50 | 37,155 | 86/2025 |
| 06.05.2025 | 73,00 | 75,00 | 65,00 | 65,00 | 36,042 | 89/2025 |
| 13.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 64,50 | 65,00 | 35,450 | 92/2025 |
| 16.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,50 | 65,00 | 36,529 | 97/2025 |
| 20.05.2025 | 75,50 | 77,50 | 67,00 | 69,00 | 36,808 | 99/2025 |
| 27.05.2025 | 75,00 | 77,00 | 65,50 | 68,00 | 37,433 | 104/2025 |

# РОКОВИ ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ЗА МАЈ/2025 ГОДИНА

**Даночниот роковник** е потсетник за навремено поднесување на даночните пријави во законски предвидените рокови. Во календарот даден е преглед на даночните обврски и роковите во кои треба да ја поднесете даночната пријава по одделни видови даноци.

Доколку рокот до кога треба да се поднесе соодветната даночна пријава **е Сабота, Недела или Државен празник**, тогаш тој **се поместува за првиот следен работен ден**.

Но, сепак се препорачува даночните обврски да ги исполнат пред навршувањето на крајните рокови, прикажани во Табелата.

| ОБВРСКА | РОК НА ДОСТА-ВУВАЊЕ |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Поднесување на** Месечна пресметка за интегрирана на Бруто плата односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за *АПРИЛ/2025* **година.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:**: **Електронски до УЈП**. | **До 10 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ- Даночен биланс за оданочување на добивката** Плаќање на данок на добивка по основ на Даночен биланс кој е поднесен **до 15-ти АПРИЛ/2025**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ФИРМИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Плаќање по основ на Месечна пресметка за интегрирана наплата на Бруто плата** односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за *АПРИЛ/2025* **година**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на аконтацијата на данокот на личен доход** преку реализација **на ПП53** налогот од одобрените Електронски пресметки (**е-ППД**) кои ги имате поднесено за остварениот доход во земјата и странство во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk | **До 15 МАЈ** |

| | |
|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ: ГРАЃАНИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **Електронски до УЈП**. | |
| **ПЛАКАЊЕ НА: Месечна аконтација на ДАНОК НА ДОБИВКА .(МДБ) за** ***АПРИЛ/2025 година***<br>**ОБВРЗНИЦИ:** Сите правни субјекти освен обврзник со посебен даночен статус (***заштитно друштво за вработување на инвалиди, стопанска единица на КПУ, или корисник на технолошко индустриска зона, како и трговските друштва кои се обврзници на паушал на вкупен приход***).<br>**НАПОМЕНА: Образецот** ***„МДБ" немате обврска да го доставувате до УЈП.*** | **До 15 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход од вршење самостојна дејност** преку реализација **на ПП53 налогот** од Електронски пресметки (е-ППД) кои се прилог кон решенијата за утврдување на годишниот данок за доходот остварен од вршење дејност во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk ***АПРИЛ/2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ПАУШАЛИСТИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ДЛД-ДБ – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход по основ на ДЛД-ДБ ПРЕКУ** преку реализација на ПП53 налогот од Електронската пресметка (МДЛД) во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk за ***АПРИЛ 2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Трговец поединец и самостоен вршител на дејност**<br>**Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ*:* ВХВ-1/**Извештај за состојба и промени на вложувања во сопствени хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и **ВХВ-2**/Извештај за состојба и промени на вложувања во должнички извештај за состојба и промени на вложувања во должнички хартии од вредност за ***АПРИЛ 2025*** **година*.***<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **Резиденти** кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | **До 20 МАЈ** |

| | |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ: МИ –** Месечен извештај за трансакции за во странство.**за *АПРИЛ/*2025 година.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Резиденти** кои имаат сметки во странство, евидентни сметки или имаат одобрение за девизен максимум, односно во работењето вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: до НБРМ** | **До<br>20 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: "**ДДВ/04 "Даночна пријава на ДДВ**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **МЕСЕЧНИ** даночни обврзници.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk** | **До<br>25 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ:** ***ДЛД -ГДП*** – Годишна даночна пријава за утврдување на Данокот на личен доход.<br>**ОБВРЗНИЦИ**: ***ГРАЃАНИ***<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: преку **http://etax.ujp.gov.mk** | **До<br>30 МАЈ** |

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## *ДДВ И ЕВИДЕНЦИЈА КАЈ ТУР ОПЕРАТОРИ*

***ПРАШАЊЕ:***

Туристичка агенција која врши само посредување на туристички услуги, дали искажува ддв на фактури и на фискален извештај?

Како се оданочува и како се пресметува ДДВ за туроператорите?

***ОДГОВОР:***

Одредбите од член 38 од Закон за ДДВ ("Службен весник на РМ" 44/99…198/18, "Службен весник на РСМ" 98/19...3/25), важат за туристички услуги на даночен обврзник, доколку тој настапува спрема патниците во свое име (во натамошниот текст: тур-оператори) и притоа прима добра и услуги од трети лица кои се од непосредна полза за патниците (претходни туристички услуги).

Туристичките услуги дадени од страна на тур-операторот се сметаат за една единствена услуга. Местото на оваа услуга се утврдува според член 14 став 1 на овој закон. (ова е проблематична одредба има грешка во повикувањето, ќе ја усогласат наскоро, запознаени се од УЈП и МФ, бидејки кога се смени законот во 2023 остана повикувањето на стариот член).

По исклучок од членовите 16, 17 и 18 на овој закон, даночна основа на услугата на тур-операторот претставува <u>разликата меѓу износот кој го плаќа патникот за туристичкото патување и износот кој го плаќа тур-операторот за претходните туристички услуги.</u>

Данокот на додадена вредност не е составен дел на даночната основа.

Во случаите од член 19 став 1 точка 2 и од став 2 на овој закон, наместо износот кој го плаќа патникот за туристичката услуга се земаат износите дадени во наведениот член.

Наместо за секоја туристичка услуга одделно, тур-операторот може даночната основа да ја утврди или за одделни групи на туристички услуги, или за сите туристички услуги заедно, дадени во рамките на одреден даночен период.

Независно од членовите 33 и 34 на овој закон, туроператорот не е овластен да го одбие како претходен данок, данокот на додадена вредност кој му е одделно истакнат во фактурата за извршените претходни туристички услуги.

Наведеното упатува дека туристичките агенции не треба да фактурираат ДДВ во фискалните или фактурите, кои ги испоставуваат спрема корисниците на услугите.

ДДВ-то го пресметуваат врз основа на остварената разлика во цени за даночниот период за кој се регистрирани за цели на ДДВ (месечно или тромесечно).

На бруто маржата која ја добива туристичката агенција треа да се пресмета ДДВ, доколку е позната за даночниот период.

Согласно одредбите до член 13 став 1 од Правилникот за примена на Законот за ДДВ, за утврдување на даночна основа според член 38 став (3) од Законот, даночниот обврзник треба да ги евидентира следните податоци:

1. износот кој туристичкиот патник го плаќа за туристичката услуга или другата вредност која се утврдува според член 38 став (3) реченица 3 од Законот;

2. износите кои даночниот обврзник ги плаќа за претходните туристички услуги;

3. разликата од износите според точки 1 и 2 од овој став (бруто-маржа);

4. даночната основа.

<u>Доколку настапат дополнителни промени во поглед на напред наведените износи, даночниот обврзник треба да ги евидентира и променетите износи.</u>

Ако даночниот обврзник врши покрај туристички промет во смисла на член 38 став (1) од Законот и други видови на промет, двете групи на промет се раздвојуваат во евиденцијата јасно меѓу себе.

Врз основа на нанведеното од член 13 од Правилникот Бруто маржата која се евидентира како разлика во цена не претставува даночна основица,

Бидејќи во себе го содржи и вкалкулираниот ДДВ, што значи дека бруто маржата минус содржаниот ДДВ треба да се води како ДДВ основица и да се евидентира на посебно книговодствено конто (група 190/290 – АВР/ПВР или група (995/999).

Книжењето на ДДВ се врши преку 2300 со сторно на приходно конто 7402 – Приходи од туристички услуги или соодветно приходно конто за туристички услуги кое се користи, со противставка на 190/290 за даночната основица или 995/999, кои конта се затвораат на крај на ДДВ периодот или на крај на година со спротивно книжење 290/190 или 999/995.

Агенцијата која има фактурирано на странско правно лице за превоз на патници во странство и во МК и има влезни фактури од хотели во МК и странство, го пресметува ДДВ-то на разликата во цена.

При пресметка на маржата задолжително се определуваат трошоците за гориво, патарини и останати. Доколку има недостаток на документи за пресметка на трошоците, цената на услугата треба да се утврди спрема претходна остварена цена по километар, помножена со број на поминати километри за да се добие соодветен трошок за транспорт.

Вредноста дополнително ќе се корегира спрема промените кои ќе се утврдат на основа на добиените фактички трошоци, кои мора да се комплетираат на истекот на периодот за кој се пресметува ДДВ (месец или тромесечие).

Просечните трошоци по километар се пресметуваат спрема реални трошоци како коефициент/процент на потрошоци по километар.

Спрема бројот на поминатите колометри за соодветниот период и цената на транспортот од претходниот период ќе се добие вредноста на трошокот кој ќе се контролира (провери дали има промена) кога трошоците ќе бидат комплетирани и проверени спрема податоците за соодветниот период.

Тие може да се добијат и после 3 месеци кога ќе донесат сметка за некое гориво од тој периоди иако не е комплетен секогаш, задолжително се пресметува однапред и се вклучуваат промените дополнително.

Иако можеби ќе биде тешко да се изнајде реалната просечната цена по километар или трошокот по километар како и коефициент на трошоци за делот што се врши со сопствени средства, сепак теба да се направи пресметка врз основа на податоци од претходниот период.

Постсапувањето по Одлука на управител за висина на маржа, само за приходи од овие услуги не е дозволено и на тој начин не смее да се пресметува ДДВ.

***дипл.економист: Јулија Минковска***

## *ДАНОЧЕН ТРЕТМАН ВО 2025 ГОДИНА НА УПЛАТЕНИ ПРЕМИИ ЗА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ, ДОБРОВОЛНО (ПРИВАТНО ) ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И УПЛАТЕН ПРИДОНЕС ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД (ТРЕТ СТОЛБ)*

***ПРАШАЊЕ:***

Каков е даночниот третман за 2025 година на уплатени премии за животно осигурување, доброволно (приватно) здравствено осигурување и уплатен приднес во доброволен пензиски фонд (трет столб)?

***ОДГОВОР:***

### *1. УПЛАТЕНИ ПРЕМИИ ЗА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ*

Од 1 јануари 2023 година уплатената премија за животно осигурување (***независно дали станува збор за вработени или невработени лица***) во било кој износ, се **оданочува со данок на личен доход.**

**Од аспект на Данок на личен доход** при составувањето на Даночен биланс на **Образец “ДЛД-ДБ”** од страна на **Трговци Поединци и Самостојни Вршители на Дејност по годишна сметка, целиот** износ на уплатена премија за животно осигрување за вработени лица и за обврзникот кој оства-рува доход од самостојна дејност **Е НЕПРИЗНАТ РАСХОД и се враќа во “Образец ДЛД - ДБ”.**

**Од аспект на Данок на добивка, целиот износ на платени премии** за осигурување на живот на вработените се непризнаени расходи за цели на данок на добивка **и се враќа во Образецот "ДБ**".

**Табеларен преглед за уплатени премии за животно осигурување од даночен аспект**

| Година | Данок на личен доход | Даночно признат расход кај ТП и СВД | Даночно признат расход кај трговски друштва |
|---|---|---|---|
| **Уплатени премии за животно осигурување за 2025 година** | Се плаќа **ДЛД во било која висина** да е уплатена премијата за животно осигурување. | Се враќа во **Образецот "ДЛД-ДБ** целиот износ на уплатена премијата за животно осигурување. | Се враќа во **Образецот "ДБ"** целиот износ на уплатена премијата за животно осигурување. |

***2. УПЛАТЕНА ПРЕМИЈА ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА***

Од 1 јануари 2023 година на уплатената премија за доброволно здравствено осигурување **во било кој износ се плаќа данок на личен доход.**

**Од аспект на данок на личен доход,** согласно член 27 став 1 точка 16 од ЗДЛД, признати расходи кај ТП и СВД се трошоците за уплатена премија за доброволно здравствено осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, **до една просечна месечна бруто-плата во РС Македонија, објавена во јануари во тековната година, која** според податоците од Државниот завод за статистика, која изнесува:

**63.154,00 денари**

**Од аспект на данок на добивка** како непризнаени расходи за даночни цели се сметаат трошоците по основ на уплатени премии за доброволно здравствено осигурување **НАД из-**

**носот од една просечна месечна бруто плата, исплатена во претходната година во РСМ, на годишно ниво по вработен.**

Согласно соопштението на ДЗС број 4.1.24.17 од 22.02.2025 година, **просечна месечна бруто плата, исплатена во претходната година во РСМ** износува:

**61.984,00 денари по вработен.**

**Табеларен преглед за уплатени премии за доброволно здравствено осигурување од даночен аспект**

| Опис | Данок на личен доход | Даночно признат расход кај трговци поединци | Даночно признат расход кај трго-вски друштва |
|---|---|---|---|
| **Уплатени премии за доброволно здравствено осигурување** | Се плаќа ДЛД **во било која висина** да е уплатена премијата за доброволно здравствено осигурување | Се враќа во **Образецот "ДЛД-ДБ"** ако е уплатена премијата за доброволно здравствено осигурување **НАД 63.154,00** денари.. | Се враќа во во **Образец "ДБ"** ако е уплатена премијата за доброволно здравствено осигурување **НАД 61.984,00 денари.** |

### *3. УПЛАТЕН ПРИДОНЕС ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД (ТРЕТ ПЕНЗИСКИ ФОНД) ЗА 2025 ГОДИНА*

Од 1 јануари 2023 година и на уплатениот придонес во доброволен пензиски фонд (**трет столб**), во цел износ **се плаќа данок на личен доход.**

**Од аспект на данок на личен доход,** согласно член 27 став 1 точка 15 од ЗДЛД, признати расходи кај ТП и СВД се трошоците за уплатен придонес во доброволен пензиски фонд за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, **до две просечни месечна бруто-плата во РМ**, објавена во јануари во тековната година, која според податоците од Државниот завод за статистика, кој изнесува:

**126.308,00 денари (63.154 x 2)**

**Од аспект на данок на добивка**, согласно одредбите на член 9 став 1 точка 5 од Законот за данокот на добивка (Службен весник на РМ, бр.112/2014...151/21, 199/23), како непризнаени расходи за даночни цели се сметаат трошоците по основ на уплатени придонеси во доброволен пензиски фонд **НАД износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во РС Македонија, на годишно ниво по вработен**.

Поаѓајќи од фактот дека просечната бруто плата за 2023 година согласно соопштението на ДЗС број 4.1.24.17 од 22.02.2025 година, **изнесува 61.984,00 денари**, предмет на оданочување со данок на добивка во 2025 година е износот кој го надминува износот **од 123.968,00 денари по вработен односно:**

**(61.984 x 2 =123.968)**

**Табеларен преглед за уплатен придонес во доброволен пензиски фонд (трет пензиски фонд) за 2025 година**

| **Година** | **Данок на личен доход** | **Даночно признат расход кај трговци поединци** | **Даночно признат расход кај трговски друштва** |
|---|---|---|---|
| **2025** | Се плаќа ДЛД **во било која висина** да е уплатен придонесот за доброволен пензиски фонд. | Се враќа во **Обрвзецот "ДЛД-ДБ"** ако е уплатен придонесот на доброволен пензиски фонд **НАД 126.308,00 МКД.** | Се враќа во **Образец "ДБ**" ако е уплатен придонесот на доброволен пензиски фонд **НАД 123.968,00 МКД**. |

## *ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали за дадената финансиска помош за лекување во земјата или странство, се пресметува и плаќа данок на личен доход?

***ОДГОВОР:***

***1) Дадена финансиска помош за лекување поткрепена со документација.***

Согласно одредбата од член 12 став 1 точка 31, од Законот за Данок на личен доход (“Службен весник на РСМ” 241/18, 275/19. 290/20, 85/21, 274/22), **данок на доход не се плаќа на:**

- ***Финансиска помош на физички лица резиденти на РС Македонија, која се користи за лекување во земјата или во странство, согласно лекарска документација и документација за трошоците за лекување (фактура, односно профактура), издадена од страна на здравствената установа, која го извршила или ќе го изврши лекувањето, како и постоење на документирани трошоци за превоз и сместување, неопходни за лекување на лицето.***

Трошоците за донации за лекување спрема физички лица и надоместоци на трошоци за превоз на лица, кои не се вработени кај исплатувачот, се признаваат за лекување, кое се врши во земјата и во странство

Наведените трошоци се признаваат исклучиво со постоење на документирани докази за висината на направените трошоци, односно доколку за лекувањето постои медицинска и документација за трошокот за лекување и документација за трошоците за превоз на лицата.

Медицинските третмани од естетски вид (***пластична хирургија)***, кои се вршат за естетски потреби, не се опфатени со ослободувањето од данок на личен доход.

Естетската ***(пластична)*** хирургија во поглед на отстранување на недостатоци предизвикани од надворешни фактори, пример пресадување кожа, поради настраданост од пожар, ***не се третира како естетски, туку како медицински зафат*** за заздравување, кој е ослободен од данок на личен доход.

Согласно наведените одредби од Законот за данок на личен доход (**член 12 став 1 точка 31**), данок на доход не се плаќа на финансиска помош на физички лица - резиденти на Република Македонија, **која се користи за лекување во земјата или во странство, како и на трошоците за превоз** и сместување неопходни за лекување на лицето, доколку ги исполнуваат наведените услови **и за истите постои документарен основ.**

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка се уредува со одредбите од Законот за данокот на добивка “Службен весник на РМ” 112/14...275/19, 290/20, 151/21, 199/23).

Обврзници на данокот на добивка се правни лица резиденти на РС Македонија (***субјектот кој е основан или има седиште на територијата на РСМ***), кои остваруваат добивка од вршење на дејност во земјата и странство.

Согласно Законот за данокот на добивка постојат два вида на даночни обврзници, субјекти кои плаќаат данок врз основа финансиски резултат, корегиран за даночно непризнати расходи и помалку искажани приходи **(ДБ обврзник)** и обврзниците на вкупен приход (**ДБ-ВП обврзник).**

Субјектите на вкупен приход, основицата ја определуваат спрема остварениот вкупен приход (**ДБ-ВП)** и за нив категоризацијата на даночно непризнат расход е неважечка.

Кај субјектите кои го плаќаат данокот на добивка врз основа на финансиски резултат (ДБ), даночната основа се определува согласно одредбите од член 7 и 8 од Законот.

Основата за пресметување на данокот од добивка е добивката, која се утврдува во даночниот биланс, **како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник**, во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели.

Со одредбите од член 9 **не се опфатени трошоците на финансиска помош на физички лица - резиденти на Република Македонија, која се користи за лекување во земјата или во странство, како и трошоците за превоз и сместување неопходни за лекување на лицето.**

Бидејки трошоците за донации - финансиска помош на физички лица - резиденти на Република Македонија, која се користи за лекување во земјата или во странство, како и на трошоците за превоз и сместување неопходни за лекување на лицето, **не се содржат во одредбата од член 9 од Законот** за данокот на добивка, **истите не се ослободени од данок на добивка.**

За цели на утврдување на даночната основа, согласно законот, книжените трошоци за донации за лекување на физички лица, ја зголемуваат даночната основица за данок на добивка на **АОП 39 - Други усогласувања на расходите, во даночниот биланс (ДБ Образец).**

Корекцијата во даночниот биланс во поглед на зголемувањето на даночната основа, се врши и покрај постоењето на соодветната документација за направените издатоци за лекување и документацијата за расходите за превоз на лицата.

**ПРИМЕР 1: За дадена финасиска помош за лекување потркрепена со докуметација**

Друштвото "**СС" ДОО Скопје** врз основа на поднесено барање и копија од целокупната здравствена установа донело одлука на лицето **"ДЈ"** да му се исплати парична помшо за лекување **(операција**) во износ **од 100.000 денари**. **Парите му се префрлени на трансакциска сметка на лицето.**

За финансиската помош одобрена од страна на правното лице за лекување на физичкото лице **"ДЈ",** бидејќи целосно е поткрепено со соодветна документација **не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.**

**Книжење:**

44990 – Дадена пари;на помош на
Физички лица 100.000,00
25900 – Обврска за помошти на физички лица 100.000,00

- ***(по одлука за исплата на финансиска помош за лекување),***

25900 – Обврска за ротош на физички лица 100.000,00
100 – Трансакциска сметка 100.000,00

- ***(за исплатена финансиска помош за лекување).***

**Пример: 1. За дадена финасиска помош за лекување која НЕ Е потркрепена со докуметација**

Друштвото "**ТБ" ДОО Скопје** врз основа на хуманитарна акција објавена во медиумите за собирање на парични средства за лекување донело одлука на лицето **"СБ"** да му се исплатат парични средтва за лекување во износ **од 200.000 денари**. Парите му се префрлени на трансакциска сметка на лицето.

За финансиската помош одобрена од страна на правното лице за лекување на физичкото лице **"СБ",** бидејки целосно **НЕ е поткрепено** со соодветна документација **се пресметува и плаќа Данок на личен доход.**

**Данок на личен доход**

Нето износ x 11,1111%
200.000 x 11,1111% = **22.222,00 денари.**

**Бруто приход**

Нето износ + Данок на личен доход
200.000 + 22.222 = 222.222,00 денари.

Плаќањето на данок на личен доход ***(во нашиот пример 22.222,00 денари*****)** се врши преку **е-ПДД** со тоа што во вид на обврска се избира:

**Т11. Друг доход , а во подвид доход се избира С11.2. Друг доход**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 44990 – Дадена пари на помош на физички лица | 222.222,00 | |
| 25900 – Обврска за помош на физички лица | | 200.000,00 |
| 23509 – Обврски за данок на друг доход за дадена парична помош за лекување | | 22.222,00 |

***- (по одлука за исплата на финансиска помош за лекување),***

Врз основа на член_____од Договорот за основање на друштвото________________________________, управителот на ден _____________________**година** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
## ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ЛЕКУВАЊЕ

### Член 1

Врз основа на барањето доставено од лицето _________ со **ЕМБГ** ______________ и со место на живеење ____________ од _________, а врз основа на приложена медицинска документација и фактура од здравствената установа која го извршила лекувањето да му се исплати парична помош во износ од _________ **денари**.

Износот од став 1 на овој член да се исплати на трансакциска сметка на барателот број _____________ отворена во __________________________Банка АД ___________.

### Член 2

За реализација на оваа одлука се задолжува сметководствената служба.

### Член 3

Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

**Управител**

______________